ВАРДАРСКИ
(ПЕТАР ПОП АРСОВ)

# СТАМБОЛОВШТИНАТА ВО МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ

превод, редакција, коментар и предговор
**Д-р ВАНЧО ГОРГИЕВ**


СТАМБОЛОВЩИНАТА

въ

МАКЕДОНИЯ

И

НЕЙНИТѢ ПРѢДСТАВИТЕЛИ

Вардарски

ВИЕНА
Печатница на Бр. Попови.
1894



ТАБЕРНАКУЛ

# СТАМБОЛОВШТИНАТА ВО МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ

*Рецензенти:*

Проф. д-р **Димитар Пандев**, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје

Доц. д-р **Далибор Јовановски**, Институт за историја при Филозофскиот факултет – Скопје

*Јазична редакција:*

Проф. д-р **Димитар Пандев**

**Изданието финансиски го помогна**
**Филозофскиот факултет – Скопје**

**ВАРДАРСКИ**
**(ПЕТАР ПОП АРСОВ)**

# СТАМБОЛОВШТИНАТА ВО МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ

*Превод, редакција,*
*коментар и предговор*
**д-р ВАНЧО ЃОРЃИЕВ**

ТАБЕРНАКУЛ
2006

## ПРЕДГОВОР

Книшката „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници“ се појави во 1894 година. Нејзин автор е Петар Поп Арсов,[1] кој од оправдани причини се претставил со псевдонимот Вардарски. Тој е еден од шестмината основоположници на Македонската револуционерна организација (МРО) и член на Централниот комитет (ЦК). Спомената книга е напишана по барање на ЦК на МРО. Истовремено ЦК го задолжил Петар Поп Арсов да подготви „нацрт – устав“ на Организацијата.[2] Очигледно во конститутивнот период на МРО, Петар Поп Арсов добил круцијални задачи. Ако денес оригиналните документи од овој период на МРО се вистински раритети, тогаш, ова книга е еден од нив. Сепак, тоа е дело на поединец, а не и официјален документ на Организацијата. Меѓутоа, со оглед на фактот што книгата е напишана по барање на ЦК на МРО, ставовите во неа за конкретната проблематика треба да се третираат како ставови на МРО. Оттука книгата претставува неоспорен извор.

---

1 Повеќе за Петар Поп Арсов види: Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов. Прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење, Скопје, 1997.

2 Исто, 42.



Петар Поп Арсов

Првиот критички осврт за ова книга дошол веднаш по нејзиното објавување од страна на Димитар Матов, бугарски лингвист, етнограф и фолклорист од македонско потекло.[3] Притоа „Стамболовштината..." критички е претставена во рубриката рецензии и книгопис во „Български прегледъ" – списание за наука, литература и општествен живот во

[3] Димитар Матов (1864-1896) е роден во Велес. Тој е познат бугарски лингвист, фолклорист и етнограф, застапник на бугарската теза за етничката припадност на Македонците. Високото образование го стекнал на Харковскиот универзитет. Во 1889/90 учебна година предавал во Солунската машка егзархиска гимназија. Словенска филологија специлијазирал во Виена и Лајпциг. Во Бугарија е избран за предавач на Вишето училиште во Софија. Автор е на повеќе трудови од областа на лингвистиката, фолклорот и етнографијата.

бројот за февруари-март 1895 година.[4] Поради значењето на овој осврт на крајот ќе го дадеме целосно како Прилог.

Прва поопширна анализа на „Стамболовштината..." во Република Македонија дава Петар Стојанов во делото за Петар Поп Арсов од 1963 година.[5] Избрани фрагменти од споменатата книга се дадени во Одбраните текстови за историјата на македонскиот народ – II дел,[6] како и во првиот том од Документите за борба на македонскиот народ за самостојност и за национална држава.[7] Извадоци од „Стамболовштината" во форма на цитати, факти, анализи и коментари се наоѓаат речиси во сите позначајни дела што се занимаваат со македонското револуционерно националноослободително движење, како и во делата од македонската културна историја.[8]

---

4 Д. М., **Вардарски**, Стамболовщината въ Македония и нейнитѣ прѣдставители. Пише – Виена. Печатница на Бр. Попови 1894, ц. 50 ст., Български преглѣдъ, списание за наука, литература и обществен живот, книга IV-V, февруари-март, София, 1895, 201-205.

5 Петар Стојанов, Петар Поп Арсов во национално-револуционерното движење на македонскиот народ (1868-1919), 89-110.

6 Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел, (трето дополнето и проширено издание), Скопје, 1975, 307-310.

7 Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Скопје, 1981, 305-308.

8 Овде даваме селективен преглед на делата кои во различен обем и од разни аспекти се осврнуваат или се повикуваат на книгата. Подреденоста не е според хронолошки принцип или важност, туку според азбучниот редослед на имињата на авторите. Меѓу нив ќе ги наведеме: Александар Трајановски, Бугарската егзархија и македонското национално-ослобо-

Пред да ја преставиме „Стамболовштината“ неминовно е да се задржиме на времето и околностите во кои се појавила таа.

Општествено-економската и политичката ситуација во Османската империја, како и сложената меѓународна и балканска констелација на испреплетени и конфронтирани интереси кон крајот на XIX век

---

дително движење (1893-1908), Скопје, 1982; Истиот, Црковно-училишните општини во Македонија. Прилог кон историјата на македонските црковно-училишни општини од нивното основање до 70 години на XIX век Скопје, 1988; Александар Христов, Создавањето на македонската држава 1878-1978, т.1, Скопје, 1985; Блаже Ристовски, Портрети и процеси, т.1-2, Скопје, 1989; Истиот, Македонски летопис. Раскопки на литературни и национални теми, т. I– II, Скопје, 1993; Истиот, Историја на македонската нација, Скопје, 1999; Истиот, Сознајби за јазикот, литературата и нацијата, Скоје, 2001; Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов. Прилог кон проучувањето на македонското националноослободитлно движење, Скопје, 1997; Истиот, Слобода или смрт. Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893-1903 година, Скопје, 2003; Гане Тодоровски, Македонската правостоина, Скопје, 1985; Истиот, Поглавја од македонската литература, Скопје, 1985; Истиот, Историографски теми, Скопје, 1990; Данкан Пери, Политиката на теророт. Македонското револуционерно движење 1893-1903, Скопје, 2001, превод: Ферид Мухиќ и Здравко Ќорвезировски. (Duncan M. Perry, The politics of teror, The Macedonian liberation movements 1893-1903, 1988, Duke university Press); Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903), II издание, Скопје, 1982; Истиот, Гоце Делчев, Скопје, 2003; Единъ Македонецъ, Българската пропаганда въ Македонийа и Одринско, София, 1902; Крсте Битовски, Македонија и кнежеството Бугарија (1893-1903), Скопје, 1977; Константин Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско 1878-1903, София, 1979; Манол Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век,

не отварале перспектива за блиско позитивно решавање на македонското прашање. Конфузната состојба во Македонија била потхранувана и преку османската примена на т.н. милет систем,[9] како и поради непостоењето систем за попис на населението со утврдена методологија како во европските земји.[10] Сето тоа давало широка можност за организиран продор на

---

том, 1, Скопје, 1987; Национално-освободителното движение на македонските и тракийските българи 1878-1944, том 2, София, 1995; Ристо Поп Лазаров, Прилог кон борбата на Внатрешната македонска револуционерна организација против бугарската политика во Македонија, Историја XXI/1, Скопје, 1985; Славко Димевски, Просветната политика на егзархијата и училишните бунтови во Македонија, Скопје, 1960;

9 Millet – „народ", „националност" или „народност". Според овој систем во Османската империја на немуслиманските народи - „народи од книга" им била допуштена внатрешна религиозна самоуправа. Притоа тие биле групирани според своите верски заедници. Така сето православно население се сметало како „рум милет". Негов духовен поглавар бил цариградскиот патријарх. Под терминот „рум милет" првобитно се подразбирал православен христијанин. Подоцна терминот „рум милет" станал синоним за „Грк" во етничка смисла без оглед на националното потекло. Но бидејќи милет системот бил заснован врз религиозна основа, терминот „рум милет" треба да се сфати само како верска конотација за припадност кон Цариградската патријаршија.

Во 1870 година била формирана Бугарската егзархија. Како словенска црква, таа била прифатена од поголемиот дел од македонското население кое ја напуштило Патријаршијата. Аналогно на милет системот, тие биле третирани како „булгар милет", што повторно означува само припадност кон одредена црква, а не и национална припадност. (Драги Ѓорѓиев, Амнестираните Илинденци во 1904 година, Скопје, 2003, 12.)

10 Османлиите го евидентирале само машкото население и тоа не по национална припадност, туку по вероисповест. Во Османската држава постоеле т.н. „нуфуз дефтери" (еден вид матични

странските пропаганди кои дополнително ја комплицирале ситуацијата, притоа попречувајќи го национално-конститутивниот процес на македонскиот народ.

Во Македонија активно дејствувале грчката, бугарската, српската, романската, католичката и протестантската пропаганда. Првите три во однос на македонското население имале исклучиво асимилаторски карактер. Грчкиот, бугарскиот и српскиот пропаганден натпревар требало да обезбеди повеќе грчки, бугарски и српски „национални" приврзаници во Македонија. Тие во погоден момент требало да послужат како внатрешни „национални" сојузници и оправдувачки фактор за нивните територијални претензии во Македонија.[11] Пропагандите главно дејствувале преку црквите, училиштата и други хуманитарни институции. Тие помагале при градба и обнова на цркви, камбанарии, црковна литература, школување на свештеници и сл. На просветен план помагале при отварање на училишта, издршка на учители, обезбедување на пансиони и стипендии за учениците,

книги) во кои се евидентирани новородените и умрените. Во нив под графата „Турци" биле внесувани сите Турци, Цигани, исламизирани Македонци, Арнаутите, Черкезите, Арапите и др. Едноставно сите припадници од муслиманска вероисповест. Под „рум милет" биле запишувани сите православни христијани под јурисдикција на Цариградската патријаршија. Додека под „булгар милет" е запишувано сето православно население под духовно покровителство на Бугарската егзархија. За Евреите постоела посебна графа како „Јауди", но и тука има исклучок бидејќи Евреите муслимани биле запишувани како Турци. (Васил Кънчов, Избрани произведения, том II, София, 1970, 434-435).

[11] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт...93.

литература и друго. Пропагандното влијание се ширело и преку други хуманитарни институции, во прв ред болници. Така елементарните верски, просветни и хумани потреби на македонското население, пропагаторите ги користеле за остварување на своите завојувачки планови.[12]

Во Македонија најстари биле корените на грчката пропаганда. Нејзините позиции биле загрозени во време на антифанариотската борба, а особено по создавањето на Бугарската егзархија. Поради тоа грчката пропаганда перманентно настојувала да ѝ парира на бугарската пропаганда во Македонија.[13]

Организираниот пробив на бугарската пропаганда во Македонија започнал по формирањето на Бугарската егзархија во 1870 година. Набрзо зад неа застанале новоформираното кнежество Бугарија и автономната провинција Источна Румелија кои во 1885 година се обединиле.[14] Во 1881 г. бил изработен правилник за финансирање на црковно-просветната активност на Егзархијата во Европска Турција и бил подготвен проект-правилник за уредување и управување со црковно-училишните општини во Македонија. Врз основа на последниот документ била изготвена програма за бугарската пропаганда во Македонија, која во јануари 1883 г. му била поднесена на бугарскиот кнез А. Батемберг.[15] Според програмата „секој Македонец треба да е вдахновен со мислата дека во Софија се грижат за неговата судбина, за

[12] Исто, 94.

[13] Исто, 94-98.

[14] Исто, 99.

[15] Исто.

неговата сегашност и за неговата иднина".[16] Програмата имала за цел „кај населението во Македонија да пробуди и да развие чувство на бугарска народносна самосвест".[17] Тоа требало да се реализира преку училиштата,[18] па затоа „кнежевската влада треба да врви рака за рака со Егзархијата".[19] Бугарската влада сугерира Егзархијата да посвети особено внимание на учителите во Македонија, бидејќи тие требало да го воспитуваат младото поколение во бугарски „патриотски дух".[20] За реализација на овој план во 1883/84 година, при Егзархијата во Цариград бил формиран Училиштен оддел кој требало да раководи со просветната дејност во Македонија и да го надгледува трошењето на средствата од Бугарија.[21] Токму поради тоа Петар Поп Арсов констатира дека Егзархијата се претворила во „чисто бирократско одделение на софиското надворешно министерство".[22]

Во 1890 година по иницијатива на бугарската влада била изработена специјална програма за прос-

---

16 Михајло Миноски, Македонија во билатералните и мултилатерални договори на балканските држави 1861-1913. Документи, Скопје, 2000, 288.

17 Исто, 290.

18 Љ. Лапе, Одбрани текстови ...II дел, 266.

19 Исто, 267.

20 Исто, 269.

21 А. Трајановски, Бугарската егзархија..., 42.

22 П.п.Арсовъ, Произходъ на революционото движение въ Македония и първитѣ стѫпки на Солунския „Комитетъ за придобиване политическите права на Македония дадени и отъ Берлинския договоръ", Бюлетинъ на временото представителство на обединената бивша революциона организация, No.8, София, 19.07.1919, 3.

ветната егзархиска политика во Македонија, која била прифатена од Народното собрание на Бугарија.[23]

Според изнесеното не треба да изненадува фактот што едно време за директор на Солунската машка егзархиска гимназија се нашол Михаил Сарафов, некогашен министер во бугарската влада. Не треба да изненадува ниту изјавата на егзархискиот инспектор Васил К'нчев дека „дошол учител во Солун за да ја бугаризира Македонија".[24] Таквите бугарски емисари во Македонија постојано се подигрувале со чувствата на интелектуалците – Македонци, кои се обидувале да се спротивстават. Притоа, учителите – Македонци, биле навредувани дека се „просјаци, ќемидадешковци", дека за пари станувале „Цигани" и со постојната фраза „ќе ми дадеш пари ќе се чинам Бугарин".[25]

Таквата црковно-училишна политика спрема Македонците, влијаела во Македонија да се развие силно антиегзархиско и антипропагандно движење. Македонскиот отпор против пропагандите бил манифестиран преку ученички бунтови, барања за во-

---

23 Во седмата точка од оваа Програма стои: „За учители во Македонија да се назначуваат само родени Бугари, а за учители по турски јазик да се назначуваат само влијателни лица кај турските власти. На учениците што ќе завршат гимназија во Македонија, ако не сакаат да добијат повисоко образование, да им се даваат должности во Бугарија. Ако некои од нив го прифатат учителскиот позив, откако ќе поминат 4 години на практика во Бугарија, да се назначуваат за учители по нивните родни места..." Славко Димевски, Просветната политика..., 12.

24 Основованието на ВМРО (изъ запискитѣ на Иванъ Х. Николовъ), собщава Хр. Шалдевъ, Ил. Илинденъ, VIII/1 (71), София, 1936, 4.

25 Хр. Коцевъ, Страници изъ споменитѣ ми, Македония I/9, София, 1922,51.

ведување на македонскиот говор во наставата, обиди за обнова на Охридската архиепископија, формирање на друштва и асоцијации за организирано спротиставување на пропагандите во Македонија, печатење и растурање на списанија и разни повици.[26]

Во таква атмосфера интелектуално и идејно се оформил Петар Поп Арсов. Тој се пројавил низ повеќе македонски пулсации, како филолог, револуционер-идеолог, книжевник, публицист, просветен деец, борец за национално, културно и духовно издигање на македонскиот народ и заштитник на македонската самобитност.

Петар Поп Арсов е роден во август 1868 година во с. Богомила – Велешко.[27] Се школувал во Богоми-

---

26 Поопширно: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт...109-124.

27 В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 11; Според М. Миноски, Петар Поп Арсов е роден на 21.X.1872 година. (Михајло Миноски, Неколку нови документи за Петар Поп Арсов – Прилог кон неговата биографија, ГИНИ, Скопје, 1997, год. 41, бр.1-2, 151-159). Оттука овој датум е прифатен и во Македонскиот историски речник, Скопје, 2000, 381. Миноски, притоа, истакнува дека со овој датум „дефинитивно се разрешуваат сите дилеми и се затвора едно отворено прашање за науката“. (М. Миноски, Неколку нови документи за Петар Поп Арсов..., 153.) Датумот што го посочува Миновски е извлечен од личниот картон за движење во службата и евиденција на работниот стаж на Петар Поп Арсов. Но, повеќе податоци во овој картон се неточни. Како прв приложен документ во овој картон е свидетелството за завршено Високо образование на Петар Поп Арсов под бр.507. од 8.VII.1892 година (дупликат). Тоа е документот на кој се повикуваме ние од кој поради оштетеност не може да се прочита датумот на раѓање на Петар Поп Арсов, туку само месецот август и 1868 година. (В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 11; 36. ) Оттука произлегува дека датумот, месецот и годината на раѓање на Петар Поп Арсов кој е наведен во „личниот

ла, Велес, Солун, Белград и Софија, каде во 1892 година дипломирал филологија.[28] Токму за време на образовниот процес, Петар Поп Арсов го почувствувал „просветниот" карактер на бугарската и српската просветна политика. Оттука рано се нашол во врвот на ученичко-студентските пулсации кои настојувале да се спротистават. Во 1887/88 учебна година, Петар Поп Арсов со уште 37 ученици бил исклучен од Солунската машка егзархиска гимназија. Меѓу причините за бунтот на учениците било и тоа што тие „не можеле да работат на бугарски јазик, туку сакале да работат и да им се предава на нивниот домашен македонски дијалект".[29] Желбата за образование го одвела Петар Поп Арсов во Белград. Таму се нашол во мре-

картон" е во спротивност со месецот и годината во свидетелството, кое е приложено кон досието. Нашиот сомнеж во веродостојноста на податоците од „личниот картон" на Петар Поп Арсов го зацврстува уште еден неточен податок. Во картонот стои дека од 1.01.1895 г. до 31.08.1895 година, Петар Поп Арсов е административен службеник во Велес. (М. Миноски, Неколку нови документи за Петар Поп Арсов...,154.). Меѓутоа оригиналната документација е поинаква. Петар Поп Арсов во Велес пристигнал на 15/27.02.1895 година; на 4/16.03.1895 г., поднел молба до Велешката егзархиска митрополија да биде назначен за секретар, или за учител. Митрополија го назначила за секретар-инспектор со акт бр.459 од 6/18.03.1895 година. Меѓутоа на 21.04./3.05 1895 година Петар Поп Арсов поднел оставка, а митрополијата на 28.04/ 10.05.1895 година го разрешила од должноста со акт бр.712. (Види В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 58-66). Оттука, податоците од „личниот картон" на П. П. Арсов треба да се користат критички без претензии дека со нив „дефинитивно се разрешуваат сите дилеми и се затвора едно отворено прашање за науката".

28 В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов...,11-36.

29 Исто, 17.

жата на српската пропаганда, која настојувала од нив да направи „вистински Срби“. Затоа П. П. Арсов повторно се нашол во бунтациските врв поради што во почетокот на 1890 година бил исклучен од Филозофскиот факултет, каде студирал на одделот филологија.[30]

Демагошките ветувања дека во Софија ќе им допуштат организирање врз македонска основа, придонеле 34 Македонци, меѓу кои и Петар Поп Арсов, да го напуштат Белград и да заминат во Бугарија за да го продолжат своето образование.[31] Загрижени за иднината на својата татковина, македонските студенти во Софија, кон крајот на 1890 година формирале Македонско студентско друштво (МСД). Меѓу поистакнатите негови членови биле: Даме Груев, Петар Поп Арсов, Христо Поп Коцев, Никола Наумов и други. Значајна улога во организирањето одиграл Коста Шахов.[32] МСД имало за цел: 1) Ослободување на Македонија од османска власт; 2) Формирање на револуционерна организација во Македонија; 3) Врбување на сомисленици и нивно препраќање во Македонија и 4) Издавање на едно списание што ќе се спротистави „не само на турскиот терор, туку и на туѓите пропаганди што го цепаат народот на Срби, Грци и Бугари“.[33] Друштвото имало конспиративен карактер, а неговите намери требало да се пласираат преку планираното списание. Меѓутоа, во март 1891 година, по убиството на Белчев (бугарски министер за финансии) биле уапсени двајца членови на друштвото:

---

[30] Исто, 19-24.

[31] Исто, 24.

[32] Исто, 169.

[33] Исто, 26-27.

Даме Груев и Никола Наумов. Во такви околности МСД за да ги избегне предвремените жртви ја прекинало својата активност.

Неколку месеци подоцна од оваа друштво израснала Младата македонска книжевна дружина (ММКД). Во неа покрај членовите од МСД се нашле и повеќе македонски интелектуалци во Софија. Меѓу нив биле: Петар Поп Арсов, Георги Баласчев, Георги Белев, Климент Караѓулов, Ефтим Спространов, Никола Дејков, Коста Шахов, Иван Хаџи Николов, Андреј Љапчев, Тома Карајовов, Христо Матов, Наум Туфекчиев и други.[34] Во јануари 1892 година, ММКД го издала првиот број од списанието „Лоза". Оттука припадниците на дружината биле наречени Лозари. Редактор на списанието бил Петар Поп Арсов. Во првиот број на Лоза е објавен Уставот на Дружината, кој целосно е ослободен од националната програма. Со тоа требало да се камуфлира нејзината македонска дејност. Меѓутоа, и покрај тоа намерите на Дружината се обелоденети во Предговорот[35] на списанието и неговите содржини.

„Лоза" во Предговорот алармира за опасноста по Македонија од пропагандите на соседните држави. Во врска со тоа пишува: „Само еден поглед е доста да се видат насушните потреби на нашата родина. Благодарение на последните политички настани на нашиот полуостров и географската положба на Македонија, денес таму се собрале севозможни надворешни елементи, кои, воодушевени од своите сосипувачки планови и интереси за нашата иднина, слободно и со трескава енергија го засилуваат антагонизмот којшто

[34] Исто, 28.

[35] Предговор, Лоза, I/1, Софіа, 1892, I-III.

и така постои во земјата.“[36] Поради тоа „Лоза“ порачува: „Само еден силен отпор од наша страна може да нè зачува од незаситените посегања ..., затоа ни се потребни сили, а нашите се разнебитени, раздробени, значи треба да ги соединиме, да ги собереме во една општа моќна сила, сила – народна, ако сакаме да ја зачуваме иднината на нашата татковина. Тоа треба да биде стремежот на секој што годе чувствителен Македонец, каде и да се наоѓа тој.“[37]

„Лоза“ на мошне вешт начин настојува да го потенцира посебниот историски, културен и етнографски карактер на Македонија, притоа водејќи сметка да го задоволи вкусот на бугарското општество.[38] Лозарите прифатиле еден нов правопис и јазик на кој го печателе списанието со тенденција тој да послужи како основа за идниот литературен јазик на Македонија.[39]

По излегувањето на првиот број на „Лоза“, бугарското општество жестоко се нафрлило врз Лозарите. Притоа предводничката улога ја имал владиниот весникот „Свобода“.[40] Меѓу другото во него пишува: „Младата дружина под превезот на книжевноста не ја гони целта и пропагандата за некаков фонетски правопис, туку тенденции и цели колку куриозни, жални, толку одвратни, срамни и опасни.“[41] Понатаму се истакнува дека Дружината „полека лека ќе го подготвува бугарското општествено мнение за одде-

---

36 Исто, II.

37 Исто, III.

38 В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 30-31.

39 Исто, 31.

40 Види: В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 31-33.

41 Д. Т. Левовъ, „Лоза“, СвободаVI/786, София, 13.04.1892, 3.

лување на Македонија од Бугарија и полека-лека ќе воведува зборови од охридското поднаречје што ќе биде литературен јазик на идната голема Македонија, на чело на која ќе дојде некој од редакторите на 'Лоза' во својство на Филип или Александра!?! ... Како што гледате Македонската дружина, смета дека нивната татковина е Македонија, дека последната е населена со одделно словенско племе наречено 'Македонци'; дека таму се собрале 'севозможни надворешни елементи', т.е. Бугари, Грци, Срби ... дека целта им е да ни дадат еден силен отпор и да се запазат од нашите разбојнички посегања и дека 'Лоза' ќе ѝ служи на истата цел!!"[42]

Во таквата Лоза, чиј редактор беше Петар Поп Арсов, се појави неговиот прозен расказ „На Мокров".[43] Она што посебно го карактеризира расказот е што дијалозите во него се предадени на македонски јазик со карактеристичниот дијалект на Азот.[44] Расказот не само што е напишан со типичниот лозарски правопис, туку тој е усовршен и е единствен текст во „Лоза" со таков правопис. Всушност, Петар Поп Арсов е првиот Македонец, којшто за меките македонски консонанти ја користи формата и графемите, онака, како што Мисирков ги употребил по 11 години. И уште една карактеристика, а тоа е редовната употреба на тројниот македонски член и честото испуштање на интервокалното в.[45]

---

42 Исто.

43 П. На Мокров (Расказ из живота на Македонците). ЛозаI/3-4, 139-156.

44 Види: В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 34.

45 За литературно-филолошката дејност на Петар Поп Арсов види: Б. Ристовски, Македонскиот народ и македонската нација,

Несомнено активноста на Петар Поп Арсов и на другите Лозари била насочена кон самосознавање на Македонецот во неговата културна, етнографска, јазична и национална посебност. Поради тоа бугарската влада во средината на 1892 година ја забрани „Лоза“ и ја растури ММКД. Тоа не беше забрана на едно списание и дружина, туку на едно македонско национално движење кое го оквалификувале како „сепаратистичко“.[46]

Конечно, есента 1893 година во Солун била формирана Македонската револуционерна организација. На основачкиот состанок кој се одржал на 23.10/4.11.1893 година присуствувале: Даме Груев, Иван Хаџи Николов, Петар Поп Арсов, Христо Татарчев, Андон Димитров и Христо Батанџиев. Меѓутоа конкретното конституирање на МРО било за време на коледната ваканција во јануари 1894 година. Корифеите на МРО имајќи ја предвид сложеноста на македонскиот проблем во тогашната балканска и европска констелација, како и последиците од пропагандното дејствување во Македонија се определиле за „придобивање полна политичка автономија“, преку едно „општо востание“. Притоа зад автономниот принцип се криела повисока цел за создавање на самостојна независна македонска држава.[47]

---

т.1, Скопје, 1983, 564-590; Б. Ристовски, Петар Поп Арсов и македонската азбука, Нова Македонија, XXXVI/12215, Скопје, 25.01.1981, 10.

[46] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов...34-35.

[47] Ванчо Ѓорѓиев, Автономијата – тактика или цел на МРО, 100 години Илинден 1903-2003, Прилози од научниот собир одржан на 6-8 мај 2003, том, I, МАНУ, Скопје, 2005, 257-264; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 127-138.

На јануарската средба, меѓу другото било разгледано прашањето за прием на членство во Организацијата. Притоа бил прифатен предлогот на Иван Хаџи Николов: „оние што ќе се изјаснат за децентрализација на (егзархиското б.н) црковно училишното дело во Македонија (да се сметаат б.н.) за погодни и да се посветат во революционерната идеја“.[48] Истовремено Петар Поп Арсов бил задолжен да подготви нацрт-устав[49] на МРО и да напише брошура по наслов „Стамболовштината во Македонија“.[50] Секако пресудна улога за тоа одиграла неговата филолошка поткованост. Според П. П. Арсов целта на споменатата брошура била „чисто разузнавачка, да избијат боречките елементи меѓу учителството и граѓанството за отпосле да се привлечат во редовите на делото“.[51]

Овде се наметнува прашањето зошто основоположнците на МРО, иако произлегувале од егзархиските средини и нивниот професионален ангажман бил во врска со егзархиските црковно-училишни институции,[52] како погодни за революционерната идеја

---

48 Мѣрки за засилване на революционната оргамизация (изъ запискитѣ на Иванъ Х. Николовъ), Ил. Илинденъ, 2(72), София, 1936, 6.

49 Првиятъ централенъ комитетъ на ВМРО, Спомени на д-ръ Христо Татарчевъ, сообщава: Л. Милетичъ, София, 1928, 103.

50 Мѣрки за засилване..., 6.

51 П.п.Арсовъ, Произходъ..., 3.

52 Христо Татарчев во тоа време работел како училиштен лекар во Солунската егзархиска гимназија; Во истата гимназија како наставници работеле Петар Поп Арсов и Андон Димитров; Христо Батанџиев бил секретар на Солунската егзархиска црковно-училишна општина; Даме Груев во тоа време работел како коректор во печатницата на Коне Самарџиев, еден од поистакнатите проегзархисти во Солун; Во тој поглед само

ги сметале токму оние што биле критички настроени кон Егзархијата и за децентрализација на црковно-училишните институции?

Без сомнение, тие ја проѕреле улогата и задачата на егзархискиот црковно-училиштен апарат во Македонија па затоа критички биле настроени кон него. Егзархискиот експонат, Васил К'нчов отворено изјавувал дека „дошол учител во Солун за да ја бугаризира Македонија“.[53] Емисарите од негов тип биле многубројни. Тие проповедале дека сите треба да се сплотат околу Егзархијата за поддршка на црковно-училишното дело, а другото „кога ќе дојде време ќе го сврши Бугарија со своите 200 000 штика“.[54] Оттука, според нив „крупните работи“ не биле „за коректори и учители“,[55] какви што биле основоположниците на МРО. Сите што мислеле поинаку и што се обидувале да ја критикуват Егзархијата и нејзината црковно-просветна политика во Македонија биле отпуштани или преместувани од работа како „неблагонадежни и сепаратисти“.[56]

Евидентно целите и методите на МРО и Егзархијата биле дијаметрално спротивни. Додека МРО се определила за „полна политичка автономија“ на Македонија, Егзархијата преку својата „црковно-

Иван Х. Николов, како сопственик на книжарница бил малку понастрана, меѓутоа треба да се има предвид дека неговите изданија биле наменети, пред сè, за егзархиските училишта.

53 Мѣрки за засилване ...,7.

54 Христо Силянов, Освободителните борби на Македония, том I, (фототипно издание) София, 1983, 123.

55 Д-р Татарчев Христо, Вътрешната...,32.

56 Хр. Коцевъ, Страници изъ споменитѣ ми, Македония, I/9, София, 1922, 52.

просветна дејност" го подготвувала теренот за присоединување на Македонија кон Бугарија. Оттука конфликтот меѓу нив бил неминовен. Тој започнал веднаш по конституирањето на МРО во почетокот на 1894 година. Најголема арена на овој судир станал Солун.

Првиот посериозен конфликт помеѓу МРО и проегзархиската групација во Солун настанал со отворањето на Неделното училиште од страна на МРО. Преку училиштето МРО влијаела кај населението во корист на својата идеја, поради што дошла во судир со директорот Михаил Сарафов.[57]

Според едно писмо на Д. Груев од 7/19.02.1894 година, МРО своето внимание го насочила кон училиштата, бидејќи тие под управа на Бугарската Егзархија „ги исцедуваат нашите млади сили ... и го погубуваат духот меѓу задржаното население".[58] Груев потенцира „Нашето ново сепаратистичко движење, имено е плод на обидот на Бугарија да се добере до нас. Тоа (движење б.н) излезот го наоѓа во заземањето на едно ново поведение од страна на Македонците спрема соседите". Затоа „новите сепаратисти си поставуваат за цел спроведување меѓу населението на мислата за самостојно работење ... Но тоа не значи уште од сега да се проповеда со бајрак. Се стремиме некое време да проповедаме тајно, додека да се подзасилиме, но и за да не дадеме можност на непријателот да биде претпазлив и да ни пречи".[59]

Додека пак во писмото од 9/21.03.1894 година Д. Груев пишува: „Назад се суштинските ѓурултии, не

[57] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 146-147.

[58] Исто, 146.

[59] Исто, 137.

тие се неизбежни за да се посоживи народот. Сосема го убија со тие пусти помошти ... Што може да очекуваш од таков народ? ... сме допуштиле националното сознание и единство да се стекнува само со парите“.[60]

Судирот меѓу МРО и проегзархиските претставници во Солун особено се засилил по изборите за советници за егзархиската црковно-училишна општина во Солун. Изборите се одржале пред Велигден 1894 година. Притоа листата која била поддржана од МРО освоила 90% од гласовите наспроти проегзархиската листа. Меѓутоа, Егзархијата не ги потврдила изборите, го сменила правилникот, а по 10 месеци биле организирани нови избори. Листата, која била поддржана од МРО повторно победила.[61] Во меѓувреме директорот на Солунската егзархиска гимназија Михаил Сарафов не ја признал пансионската комисија која била назначена од новата општинска управа. Поради тоа, Општина се заканила дека ќе ги прекине односите со Училишниот оддел, па и со самата Егзархија.[62]

Со овој судир помеѓу Општината која била под влијание на МРО и директорот на Солунската егзархиска гимназија М. Сарафов, Д. Груев смета дека „успеале да создадат љубов и интерес кај масата“.[63] Борбата на МРО за завладување на црковно-училишните општини пред сè имала за цел да избијат

---

[60] Исто.

[61] Исто, 147

[62] Исто.

[63] Државен архив на Македонија, фонд 1953, Даме Груев, оп.1, ае. 5, л.158.

„лојалните ... и да им воскресне духот“,[64] а подоцна да се работи како што ќе налага времето. Борбата за превласт во општините станала приоритет за МРО. Во врска со тоа Д. Груев пишува: „Прво треба во секој град и село да добиеме превез во управата, за да може да ги искорениме непогодните и да установиме од нашата секта“.[65] Оваа идеја на МРО за провлекување на повеќе свои приврзаници во егзархиските црковно-училишни институции била афирмирана и во одлуките на Ресенското советување од август 1894 година.[66]

Предводник во борбата со „идејните противници“ од името на МРО бил Петар Поп Арсов.[67] Најдобра илустрација за тоа е неговата книшка „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници“. Книшката е пишувана токму во времето кога поларизацијата на наставниот кадар во Солунската егзархиска гимназија била изразена до највисок степен. На една страна биле „учителите од слободна Бугарија, ... и некои од благоразумните учители родум од Македонија, (кои б.н.) држеа до Св. Егзархија“, а на спротивната „неблагонадежните и сепаратисти-

[64] Исто, л.162.

[65] Исто.

[66] Димитар Димески, Ресенското советување на МРО, 1894, Прилози, ДНУ, Битола, 1980, бр. 32-33, 203-208. Во врска со тоа Христо Татарчев пишува: „Се реши Организацијата да се стреми да провлече учители во сите училишта, општински и егзархиски, по можност свои луѓе. Исто така се реши на истиот начин да ги зазема општините и општинските настојателства во свои раце“. (Првиятъ централенъ комитетъ на ВМРО, Спомени на д-ръ Христо Татарчевъ..., 140).

[67] Хр. Татарчевъ, Спомени отъ миналото, Сб, Илинденъ, София, 1922, 13.

те".[68] Во истовреме директорот Михил Сарафов претендирал да биде „еден вид губернатор на цела Македонија", притоа засилувајќи го гонењето на „учителите Македонци".[69]

Со оглед на фактот што книшката е пишувана по нарачка на ЦК на МРО, а нејзиниот автор е еден од основоположниците на МРО и автор на нејзиниот нацрт-Устав, таа претставува првостепен документ, кој ги изразува ставовите на МРО спрема бугарската црковно-просветна политика во Македонија. Од друга страна, книгата ја отсликува борбата што МРО ја повела против таквата политика.[70]

---

[68] Хр. Коцевъ, Страници изъ споменитѣ ми...,92.

[69] Првиятъ централенъ комитетъ на ВМРО, Спомени на д-ръ Христо Татарчевъ..., 105.

[70] Академик Блаже Ристовски „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници" континуирано ја третира и претставува како програма на МРО. Види: Б. Ристовски, Портрети и процеси..., т.1,455; истиот, Македонски летопис..., II, 235; истиот, Историја на македонската нација...198-204; истиот, Сознајби..., 136;

Меѓутоа, третманот на „Стамболовштината ..." од страна на академик Б. Ристовски како програма на МРО е крајно неприфатлив и неодржлив став, особено ако се има предвид дека целта на МРО е конкретна – автономија на Македонија. Со таквата замена на тезите дека „Стамболовштината" е програма на МРО се негира револуционерниот и ослободителниот карактер на Организацијата.

Додека пак К. Пандев пишува дека „Стамболовштината..." е „програма за борба за реорганизација на Егзархијата, за воведување на демократски принципи во нејзиното управување. Тој повик меѓутоа, не може да се смета револуционерен, таа програма не може да биде програма на една оформена революционерна организација". (К. Пандев, Национално освободителното движение..., 75). И овие констатации неможат да

Книгата е пишувана во време кога судирот помеѓу протагонистите на МРО и проегзархиската групација во Солун бил во полн разгор. Познавајќи го односот на Егзархијата спрема „неблагонадежните“ и „сепаратистите“, Петар Поп Арсов се потпишал со пседонимот Вардарски, а како место на издавање е означена Виена, печатница на браќа Попеви.[71] Всушност, книгата била печатена од страна на Иван Х. Николов во Софија.[72] На последната страница од книгата веднаш под текстот, стои Солун, 1.XI.94 г., што веројатно претставува датум кога таа била подготвена за печат. Нејзиното излегување од печат е

се прифатат со оглед на фактот што крајната цел на МРО не била реорганизација и демократизација на Егзархијата, туку извојување на политичка автономија за Македонија.

Впрочем, самиот Петар Поп Арсов пишува дека целта на книгата била „чисто разузнавачка, да избијат боречките елементи меѓу учителството и граѓанството за отпосле да се привлечат во редовите на делото. Таквата тактика даде одлични резултати.“ (П.п.Арсовъ, Произходъ..., 3.)

71 Сепак П. П. Арсов не го избегнал прогонот од егзархиските црковно-училишни власти. Есента 1894 година, кога сѐ уште книгата не била објавена, тој бил отпуштен од Солунската егзархиска гимназија. Маневрите во врска со псевдонимот на авторот, местото на издавање и името на печатницата, брзо биле откриени од Д. Матов, кој пишува: „Таа е печатена во Софија, како што се гледа, во печатницата на бр. Спиркови, а авторот нашол за потребно да надпише ’Виена. Печатница на бр. Попеви‘. Таква печатница не постои, а бр. Попеви се Бугари трговци во Солун, несимпатични на авторот по некоја си причина... Авторот на ова брошура, како што добро се гледа, е еден од солунските учители, кои што образувале непријателски лагер спрема директорот М. Сарафов“. (Д.М., **Вардарски**, Стамболовщината въ Македония..., 201)

72 Мѣрки за засилване..., 6.

најавено во весникот Право од 25.11.1894 година.[73] Во средината на декември таа се нашла во Солун, од каде била распространета по цела Македонија.[74]

Книгата својот наслов го добила според актуелниот бугарски премиер Стефан Стамболов.[75]

---

73 Обявление, Право, I/3, 25.11.1894, София, 3.

74 В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 48.

75 Стефан Стамболов (1854-1895) е бугарски револуционер, општественик и политичар. Неколкупати бил народен пратеник. Од 1880 до 1884 бил потпретседател на Народното собрание, а од 1884-1886 негов претседател. Од 1887 до 1894 година бил министер-претседател на Кнежеството Бугарија. Избувлив по природа и со диктаторски манири, Стамболов бил главен советник на кнезот Фердинанд. Оттука Стамболов бил вистински управник на Бугарија, а Фердинанд само ги исполнувал церемонијалните и рутинските обврски. На надворешно-политички план Стамболов бил антируски настроен и протурски ориентиран. Благодарение на туркофилската политика добил значајни компензации за ширење на бугарската пропаганда во Македонија преку егзархиските црковно-училишни институции. Тоа е дел од неговата стратегија за обединување на Македонија со Бугарија. Од друга страна, Стамболовата еволуистичка политика спрема Македонија не била прифатлива за бугарските шовинисти и македонската емиграција, кои биле за порадикални промени. Стамболов жестоко ја спречувал револуционерната активност на македонската емиграција во Бугарија, поради што станал мета на разни заговори. Во 1891 година врз него бил извршен безуспешен обид за атентат при што загинал министерот за финасии Христо Белчев. Истата година против Стамболов и Фердинанд бил пресечен уште еден заговор. Во 1894 година, кнезот Фердинанд мајсторски и преку една трагикомична игра изнудил оставка од министерот за војна, а притоа за нов министер го предложил Рачо Петров инаку непријател на Стамболов. Во знак на протест, Стамболов блефирал оставка. Меѓутоа овој испробан трик, овој пат бил лошо пресметан, а кнезот ја прифатил оставката на Стамболов од којшто многу научил за бугарското државништво. Во јули 1895 година Стефан Стамболов бил убиен. (Данкан Пери, Полтиката на теророт..., 34-36).

Терминот Стамболовштина треба да се сфати како систем, како политика, начин на владеење, и бескрупулозно практицирање на власт за постигање на целите. Таквата Стамболовштина имала бројни претставници во Македонија, кои преку егзархиските црковно-училишни институции всушност дејствувале во правец на бугарските политички интереси. Сето тоа Петар Поп Арсов го објаснува на еден суптилен, дискретен, а сепак транспарентен начин. Тоа е поткрепено со секојдневни примери, реални настани и личности.



Стефан Стамболов

За самиот Стамболов Петар Поп Арсов вели: „Стамболов си беше помислил дека нависитина тој е повикан од провидението за да ја игра улогата на бугарски Бизмарк ... Тој тиранин ... за задоволување на својата желба за власт посака да се послужи и со училишното дело во Македонија. Тој блудник, кој се поигра со честа, животот и имотот на своите сонародници во Кнежеството, посака да го направи

истото и со нас Македонците, во сопствената наша татковина Македонија“.[76]

Петар Поп Арсов аргументирано ја разобличува целта, средствата и методите на Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници. Притоа експлицитно открива дека Бугарската егзархија преку црковно-училишна дејност во Македонија спроведува „бугарска пропаганда“, која имала цел „да создадат во Македонија Бугари“, „да ја култивираат земјата“. Поп Арсов истакнува дека, Егзархијата своите сомисленици во Македонија ги создава „благодарение на удвоените и утроените левчиња со торбички“. Тој резонира: „Ни даваат пари за да не убијат...“. Но, сепак, според Петар Поп Арсов „Егзархијата дава пари и купува – ветер, зашто: *народносӣ со ӣари не се куӣува* – тоа е такво деликатно нешто, кое , штом ќе почувствува дека го пазарат, се изветрува“.

Петар Поп Арсов истакнува дека македонските интелектуалци кои се спротивставувале на бугарската црковнопросветна политика во Македонија биле прогласувани за „сепаратисти“, „луѓе, кои сакаат да направат расцеп меѓу бугарскиот народ, ... – луѓе предавници на бугарската идеја, – луѓе *ӣредавници* спрема својата народност“. Поради тоа „Егзархијата ги *доверува* најважните служби сѐ во рацете на северни Бугари: владици, архимандрити, директори, инспектори, првостепени учители, деловодители, редактори, и сл. и сл., а ги *ӷони* од егзархиска служба совесните Македонци против кои се применуват сите дозволени и недозволни средства за да излезат надвор од својата татковина, каде во повеќето случаи за жал ја заборавaат потесната татковина која има потреба од нив“.

---

[76] Вардарски, Стамболовщината..., 4.

Против егзархиска црковно-просветна политика во Македонија, отворено застанала штотуку формираната МРО. Во судирот било вовлечено и граѓанството. Во врска со тоа Петар Поп Арсов обраќајќи се кон Михаил Сарафов – актуелен директорот на машката егзархиска гимназија во Солун и поранешен министер во Бугарија пишува: „... – граѓаните веќе започнуваат да си играат со 'бившиот министер', тешко е бај Сарафов, кога човек еднаш ќе падне морално пред народот – нели? ... И Ве уверуваме, дека така ќе продолжи да биде положбата на сите твои сотатковинци, коишто доаѓаат во Македонија со претензија: 'да создаваат Бугари', 'да ја култивираат земјата' *да заповедаат* во сѐ, ... уште потешка ќе стане положбата на вашето началство, кое сака нека биде тоа, ако продолжи да ви дава слични инструкции; не ќе прокопса ни бугарската идеја, ако одите со тој ум. Зашто ние, Македонците, баш ништо немаме; ништо не сме спечалиле благодарение на слепата доверба кон своите божем браќа, па нема и што да загубиме".

Поради сето тоа Петар Поп Арсов ги повикува „На помош, сите чесни Македонци!", а од друга страна порачува „сѐ што е нечесно, што е сервилно, подло, што се клања за слатката службичка, што повеќе го интересира вòјната меѓу Кина и Јапонија, отколку потребите на неговата татковина, – сета таа предавничка толпа – надвор!".

Петар Поп Арсов преку оваа книшка разоткрива дека Бугарската егзархија преку својата црковно-училишна дејност во Македонија спроведува бугарска пропаганда. Истовремено Петар Поп Арсов прави јасна дистинкција помеѓу Македонците и Бугарите. Македонците најчесто се именуват како Македонци, сепаратисти, а поретко како македонски бу-

гари или бугаромакедонци. Од друга страна Бугарите најчесто се именуват како Бугари, северњаци, северни бугари, наводни браќа, трако-мизијци, па дури и шопи. Тоа е одраз на даденото време и околности, кога бугарската пропаганда била во длабока експанзија во Македонија, а македонската национална мисла и совест, поради отсуство на македонски национални институци се уште не биле дефинирани. Во таа смисла Петар Поп Арсов претставува вистински предвесник.

Без сомнение од таквата концепираност на книшката произлегува и селективниот пристап во нејзиното користење, како во македонската, така и во бугарската историографија. Во последната оваа книшка се избегнува и маргинализира. А, ако се споменува таа се поедноставува на критика кон централистичката поставеност на Егзархијата.

Поаѓајќи од изнесеното очекуваме дека со објавувањето на „Стаболовштината во Македонија и нејзините претставници" на објективните и беспристрасни аналитичари и читатели ќе им дадеме можност за директно соочување со тогашната атмосфера. Преобјавувањето на оваа книшка е мотивирано не само од нејзиното изворно значење, туку и поради нејзината реткост. Според нашите проверки во НУБ „Свети Климент Охридски" – Скопје во Р. Македонија се евидентирани 3 примероци од оваа книшка. Првиот е заведен во Институтот за национална историја во Скопје под сигнатура сл.II. 1384. За жал од овој примерок во библиотеката на ИНИ е останато само картончето во картотеката. Вториот примерок во форма на копија се наоѓа во НУБ „Свети Климент Охридски" – Скопје, под сигнатура R.II.1536. Примерокот којшто го користевме е заведен под инвентарен бр. 12042 во Институот за историја при Филозофскиот факултет

во Скопје. Всушност тоа е копија од примерокот којшто се наоѓал во ИНИ. Истата на повеќе места тешко се чита, а со тек на времето не ќе може да се прочита.

Книгата е напишана на бугарски јазик според тогашниот бугарски правопис. Притоа, авторот користи разни архаизми, турцизми и странски термини, понекогаш и жаргон, а ретко и македонски фрази какви што се: „дај ми пари да се чинам бугарин" или пак „и овде го клаам и онде го клаам". Таа содржи 64 страници, а на крајот од текстот стои датум, 1.XI. (18)94 г., што веројатно е датумот, кога таа била завршена и предадена во печат. Петар Поп Арсов во книгата поместил неколку белешки (фусноти), од кои некои се означени нумерички, а други со знакот *. За воспоставување на еднообразност ние ги бележиме со знакот *. Од друга страна, за појаснувања на некои позначајни личности или настани внесовме дополнителни белешки кои се одбележани нумерички и се надоврзуват на белешки од Предговорот. Додека пак дополнувањето на скратените зборови од оригиналниот текст на книгата, овде го даваме во големи загради [...]. Сето она што во оригиналниот текст од книгата е во курзив или болд е задржано и овде. При преводот и јазичката редакција настојувавме да ја зачуваме оригиналноста, стилот и семантиката.

На крај, како прилог кон „Стамболовштината..." го даваме критичкиот осврт кон неа од страна на Димитар Матов кој е објавен во рубриката рецензии и книгопис во „Български прегледъ" – списание за наука, литература и општествен живот во бројот за февруари-март 1895 година[77].

---

[77] Види белешка 3 и 4 од Предговорот.

Евидентно книшката на младиот Поп Арсов го свртела вниманието на научните и општествените авторитети во Бугарија. Д. Матов во овој напис ја оправдува критиките на Петар Поп Арсов по адреса на Бугарската егзархија, дури истакнува дека за тоа можат да се најдат и повеќе аргументи. Но, тој му забележува поради некоректниот јазик и стил. Тоа што го засега Д. Матов е „Антагонизмот меѓу тракијци, мизијци и Македонци, кој што го проповеда и г. Вардарски, (поради што б.н.) заслужува строго осудување“.

Инв. № 2756

# СТАМБОЛОВЩИНАТА

ВЪ

# МАКЕДОНИЯ

И

# НЕЙНИТѢ ПРѢДСТАВИТЕЛИ

СКОПЈЕ

Вардарски

ВИЕНА

Печатница на Бр. Попеви.

1894

# СТАМБОЛОВШТИНАТА ВО МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ

Општо е познато дека со доаѓањето на власт, Стамболов[78] отпочна една дива војна против сè што негуваше симпатии спрема омрзнатата нему Русија. Во бројот на русофилите влегуваше и бугарското духовенство. Природно беше, Стамболов да отвори оган и спрема духовенството во бугарското Кнежество. Таа борба, какошто многумина од читателите знаат, траеше неколку години и заврши со потчинување на бугарското духовенство под световната власт на Стамболов. Само славниот трновски митрополит, Високопрвосвештениот Климент,[79] до крај остана најсмелиот борец против стремежите на Стамболов. Па и што можеше да прави духовенството во борбата против световната власт, кога во рацете на Стамболов беа и топови, и жандарми, и сесилните пари, со кои ги поткупуваше и ги заплашуваше судиите. На таа борба помеѓу Стамболовата световна

---

[78] Види белешка 74 од Предговорот.

[79] Васил Николов, духовно име Климент (ок.1840/42 – 1901). Истакнат бугарски општественик, духовник, политичар и писател. За трновски митрополит бил избран во 1884 година. Истакнат русофил и противник на Стамболовиот режим и кнезот Фердинанд.

власт и духовенството се должи многугодишното вдовствување на епархиите, меѓу кои и Софиската: бугарската престолнина долго време беше без митрополит, додека најпосле се најде еден, кој му се допадна на Стамболов. При сета деликатност на својата положба, Егзархот[80] како духовен поглавар, беше принуден да се појави на чело против самоволијата на Стамболов во кнежеството. И така: борбата меѓу световната и духовната власт во Бугарија истовремено беше борба меѓу Стамболов и Егзархот.

Како победник во своето царство, благодарение на грубата сила, Стамболов посака со својата нечиста рака да посегне и врз самата Егзархија во Цариград. Познато е дека туѓите весници, особено австриските и англиските, го величеа и го величаат Стамболов како „бугарски Бизмарк“, „балкански Криспи“[81] и со др[уги] ласкави за частољубивиот бугарски Нерон, епитети, кои многу пријатно му звучат на неговото уво, а истовремено се многу прифатливи за штедрите во тој однос туѓинци. Како последица на тие ласкања од страна на заинтересираните туѓинци, Стамболов си беше помислил дека навистина тој е повикан од провидението, да ја игра улогата на бугарски „Бизмарк“[82]...

---

[80] Во тоа време бугарски егзарх е Јосиф I (световно име Лазар Јовчев 1840-1915). Во 1872 е назначен за егзархиски протосингел, а во 1876 е избран за епископ и Ловченски митрополит, следната 1877 е избран за бугарски егзарх. Со поткрепа на бугарската влада издејствувал нови берати за бугарски владици во Скопје и Охрид (1890), Неврокоп и Велес (1894) и за Битола, Струмица и Дебар во 1897 година.

[81] Франческо Криспи (1819-1901). Италијански премиер во периодот 1887-1891 и во 1893-1895.

[82] Бизмарк (1815-1898), пруски и германски политичар. Обединител и творец на германската држава.

Славата на Бизмарк се состои главно во обединувањето на Немците под Прусија преку училиштата и училишните друштва – шулферајните: така и импровизираниот „бугарски Бизмарк“ – дивиот Стамболов на прв план посака да го постави обединувањето на Бугарите врз истите основи и средства. Тое е една идеја, какошто гледате, – идеја, за која треба да ракоплескаат осознаенетите Бугари... При сето тоа, ние нема да му ракоплескаме на Стамболов, зошто бугарскиот народ многу порано од раѓањето на Стамболов, беше дошол до сознанието дека само училиштето е во состојба да ги држи моралните врски помеѓу Бугарите во сите краишта на татковината и тоа, најпосле ќе послужи за постигнување на крајната цел. И не само не ракоплескаме, ами го осудуваме и со нас заедно треба да го осуди целиот бугарски народ, особено македонските бугари, бидејќи и во тој свет бугарски идеал Стамболов ги замеша својот егоизам и безумие. Тој тиранин, кој не остави ништо свето за Бугаринот неизвалкано, за задоволување на својата жед за власт посака да се послужи и со училишното дело во Македонија. Тој блудник, кој се подигра со честа, животот и имотот на своите сотатковинци во кнежеството, посака да го направи истото и со нас Македонците во сопствената наша татковина – Македонија. И се најдоа ниски луѓе, од него изгонети од Бугарија, коишто ќе му услужат! Тоа можеби ќе изгледа неверојатно на читателот, но нека не се чуди: на овој свет сè е возможно, уште повеќе кај нас, каде луѓето повеќе мислат со своите чкембиња, па и К'нчев може да инспекторува,[83] и Максим да вла-

[83] Васил К'нчев, (1862-1902). Бугарски општествен и државен деец. Се пројавил како историчар, етнограф и географ. Бил

дикува,[84] и Наследников, Сарафов,[85] Х. Иванов, Рачев и др[уги] да директоруваат и сл. и сл., а узурпаторот Лазаров да началникува[86]...

Уверен во својата семоќност, Стамболов, којшто има голема слабост да се идентификува себеси со општобугарскиот идеал, го испрати во Цариград познатиот ретроград Лазаров, против кого во Бу-

---

учител во Солунската егзархиска гимназија, а потоа директор на егзархиската гимназија во Сер и Солун. Од 1893 до 1897 година бил егзархиски инспектор на бугарските училишта во Македонија. Бил типичен претставник на бугарската пропаганда во Македонија. Собрал значен историски, етнографски и статистички податоци за Македонија, од кои произлегле повеќе дела. На 22. XII 1901 е именуван за министер на народната просвета во владата на Стојан Данев. По еден месец на 26. I 1902 бил убиен во својот кабинет од отпуштен чиновник.

84 Максим Скопски и Пловдивски (световно име Марин Пелов, 1850-1938). Во 1892 година е ракоположен за епископ, а потоа за егзархиски митрополит на скопската епархија. Со неа раководел од 1892 до 1894 година. Од 1897-1906 ја управувал Ловечката епархија, а од 1906 па до смртта е Пловдивски митрополит. Од 1913 година е член на Св. Синод, а во 1921/22 година е негов наместник– претседател.

85 Михаил Сарафов (1854-1924). Бугарски политички деец. Бил министер за просвета (1880-1881); министер за финасии во (1884) и (1902-1903); министер за внатрешни работи (1901-1902); бугарски дипломатски претставник во Цариград (1904-1909) и во Виена (1909-1912). Во 1913 година е претставник на бугарската влада во Солун, а во 1919 член на делегацијата при склучувањето на Нејскиот мировен договор. Во периодот од 1893-1896 бил директор на машката егзархиска гимназија во Солун, а во 1895-1896 година и на женската гимназија. Имајќи ги во предвид сите овие факти, може само да замислиме каква образовна политика спроведувал Сарафов како директор во Солун.

86 Началник на училишниот одел при Бугарската егзархија во Цариград.

гарија беше станало сè што е чесно, со мисија, да го одземе од Егзархот училишното дело во Македонија, да го претвори Уч[илишниот] Оддел во Стамболовски шулферајн, па на тој начин да постигне:

1) лична одмазда спрема Егзархот, којшто не го оставаше на мира во кнежеството;

2) да ги прекрати службите на емигрантите кои ги фаворизираше Егзархијата;

3) да го задоволи своето ненаситно властољубие со парализирање на Егзархот, откако ќе му ги одземе училиштата, кои, покрај другото, се поврзани со извесни суми, та да се рече, дека тој е „будното око" и „неуморливиот стражар" не себугарските интереси;

4) да ја централизира училишната власт со поставување на такви директори, инспектори, учители и др[уги], кои ќе бидат предани работници за спроведување на тој принцип, а да се гонат сите оние учители, кои не сакаат да им служат на туѓи за земјата интереси за волја на мечтите на некаков си побеснет Стамболов. Ете тие се главните точки на програмата, со која беше натоварен Лазаров од својот обожуван шеф.

Четвртата точка на таа програма ќе биде предмет на нашата статија: ќе ги покажеме употребените средства и нa̍чини за спроведување на последната програмска точка; ќе ги констатираме последиците од тој начин на дејствување, од кое само по себе ќе блеснат две големи зла, што му ги направи Лазаров респектив Стамболов на училишното дело во Македонија: а) жестоката партизанска борба меѓу општините, граѓаните и егзархиските чиновници; б) водење на македонските работи во зависност од партизанските борби во Бугарија, кое никако не е во интерес на нашата земја, со условите за нејзиното постоење,

и во многу односи со спротивставени интереси, кои треба да се раководат од луѓе, што ги познаваат условите и ги ценат месните интереси, а не од некој си Лазаров или од Егзархот со нивните тајфи, собрани по *личниѿе ќеифови* на тие две македонски „светила“... Тоа прашање е од таква капитална важност, така што тука е тесно местото за да се разгледува...

Сега да си дојдеме до предметот, откако претходно ќе фрлиме еден брз поглед и врз првите точки на Лазаровската мисија во Цариград.

*Прваѿа ѿочка.* Одмазништвото на Стамболов им е познато и на малите деца во Бугарија. Тој и со ѓаволот станува ортак само за да ги задоволи своите ниски страсти. Кој го читал редовно в. *Свобода*, добро треба да помни со какви непристојни епитети се редеше Н[еговото] Блаженство, колку пати бил заплашуван со симнување од егзархискиот престол, на којшто седи повеќе од 20 години и тоа при најтешки околности. Кој не знае, најпосле, со каква жестокост Стамболов ги преследува луѓето што еднаш ги замразил: бесилки, стрелање, екстернирање, интернирање, просјачки стап и сл. – тоа е она што хармонира на неговата нарушена натура. Со слични мерки сакаше, тоа чудовиште во буг[арската] историја, да се послужи и против духовниот поглавар на целокупниот буг[арски] народ, притоа заплашувајќи го Егзархот, дека ќе издаде некои компромитирачки егзархови писма пред турската влада и сл. и сл.

*Втораѿа ѿочка.* Стамболов не можеше да му прости на Егзархот, кој ги прибираше и им даваше служби на емигрантите – и тоа имено е главната причина за натрапувањето на Лазаров, којшто распоредувајќи сѐ во финасискиот оддел имаше решавачки глас при назначувањето на егзархиските чиновници:

солунските бугари добро го помнат средгодишното пресметување на еден учител емигрант, кој впрочем отпосле не се засрами да се сврте во орудие на својот гонител; колку за постарите негови собраќа, нив немаше потреба да ги гонат, бидејќи тие одамна ја беа избришале својата емигрантска боја, други пак, кои сами се викаа емигранти, не беа друго, ами обични бегалци од Бугарија поради новиот закон за учителите.

*Третата точка.* Екстернирање и интернирање на сите поважни водачи на политичките партии во Бугарија; бесилки и стрелања на политичките престапници, – сето тоа Стамболов го правеше за да нема кој да му се меша во управувањето, та тој да остане сè и сешто во Бугарија. Така и егзархот, којшто се беше осмелил да ги заштити екстернираните, требаше да ја наведне главата пред тој тиранин, да ги отстапи своите права над училиштата дури и во Македонија, зошто инаку беше заплашуван со запирање на некои можности, неопходни за опстојувањето на Егзархијата, со таа задача за која таа повеќе служи. Гледајќи пред себе еден авантуристички дипломат, кој не се шегува, ами што ќе каже и прави, Егзархот беше принуден да отстапи: така може да се оправда нашиот духовен поглавар, бидејќи треба да се има предвид онаа, што се извршило пред нашите очи. Ако пак и нашето љубезно Блаженство има некои заткулисни мрачни спогодби, за кои имаме основа да претполагаме, тогаш за сега нека одговара пред својата совест и пред Бога, а за понатаму – не е далеку времето, да ги видиме и неговите благи намери...

Ете ја комедијата, што се одигра при доаѓањето на Лазаров во Цариград: во 1892 год. нападниот Стамболов ја испрати во Цариград својата креатура –

Лазаров, без да добие претходна согласност од Егзархот. Н[еговото] Блаженство не го прими Лазаров. Последниот се врати во Софија налутен. Меѓутоа, по еден месец Лазаров пак се појави во Егзархијата и Блаженството, очигледно по нови заплашувачки мерки, го прифати за началник на Уч[илишниот] Оддел. Од таа дата Одделот зазема една сосема нова положба во Егзархијата; тој се претвори во една нова самостојна институција, во која Лазаров распоредува сè, не по инструкциите на Егзархот, како што беше дотогаш, туку по инструкциите на својот патрон, притоа додавајќи една доза од својот гениј, кој не се разликува многу од злобниот гениј на Стамболов. Оттогаш, Одделот добива едно сосема ново значење за нашата земја. Оттогаш, најпосле, започна и најширокото применување на *четвртата точка* од Лазаровската програма, која, по својата суштина, го зазема првото место и во традиционалната програма на Н[еговото] Блаженство Јосиф I ...

Кога Лазаров се намести во Уч[илишниот] Оддел, стариот началник на таа институција, Хранов, си ја држеше службата; така со Лазаров тие станаа двајца. Немаше што да прават освен да ја делат службата: Хранов остана за домаќинскиот дел на Одделот т.е. ги заведуваше пансионите, а Лазаров го присвои педагошкиот дел, т.е. училиштата со нивните директори, учители и сл.

Не беше поминала цела година од доаѓањето на бај Лазаров, кога тој сред година исклучи еден учител од Сол[унската] Гимназија, за кој спомнавме погоре, затоа што се сметаше за соучесник во комплотот против Стамболов. Бај Лазаров, го направи тоа за да им сугерира на потчинетите нему учители, особено на оние во Сол[унската] Гимназија, дека тој нема да се

церемони и со нив во случај ако останат верни на своите стари противстамболовски начела. Исплашени од таа маневра на Лазаров, солунските учители во еден миг се свртеа во Стамболови поклоници. И од емигрантот Наумов, кој дошол да се подвизува во Македонија пред камшикот на Стамболов, ете ти еден извонреден стамболист, кој не се посрами да се препорача како таков пред Лазаров: „Ние стамболистите...“ Така се случи и со другите учители, од кои следната година Лазаров формира една извонредна банда, на чие чело го постави емигрантот К'нчев. И така, од бившите емигранти – Стамболови противници – Лазаров формира една Стамболовско-Лазаровска чета во Македонија. Во таа чета влегуваа речиси сите солунски учители и управници во поважните градови, како Битола, Скопје, и др. За моралната вредност на тие трговци со идеи оставаме да се искаже јавноста, а ние ќе побараме една поинаква сметка од таа џакатајска орда. Но за тоа малку подоцна. Сега да се подзадржиме на првите дела на Лазаров. За да се запознае со своето ново царство, по зададениот страв на учителите, Лазаров презеде една обиколка до Солун, Битола итн. Главна цел на таа обиколка беше да ги приврзе кон себе директорите и учителите, притоа советувајќи ги првите за сè да се обраќаат лично до него. Лазаров уште се наоѓаше на обиколка, кога Хранов во Цариград беше изненаден со писма адресирани до неговиот нов колега. Хранов не можеше да ја поднесе спротивната агитација на својот другар, та, во својот бес, ги зеде и ги искина сите писма адресирани до Лазаров. Откако Лазаров се врати во Цариград помеѓу него и Хранов започна нова расправија. Искористувајќи го тоа, Егзархот испрати окружно до Општините и до директорите

дека кореспонденцијата било за црковни, било за училишни работи треба да се адресира до него. Но, Лазаров немаше зошто да се лути за таа официјална загуба, бидејќи тој веќе беше си ја уредил работата чисто пријателски: официјалната кореспонденција си минуваше преку официјалниот канал, а кореспонденцијата, која содржеше инструкции и клевети си минуваше преку пријателите како К'нчев, Наследников и др., кои од своја страна си имаа свои пријатели. Лазаров за време на својата обиколка не го сокри и тоа, дека Уч[илишниот] Оддел се наоѓа под негово *директно* началство и не зависи од Дух[овниот] Оддел, каде заповеда Егзархот. Таа проповед од устата на Лазаров ја слушнал пишувачот на овие редови.

Така започна борбата во Цариград меѓу Егзархот и Лазаров, која не задоцни да ја зафати целата земја.

И така, борбата меѓу световната и духовната власт, штоа ја започна Стамболов во кнежеството, со назначувањето на Лазаров во Цариград, се пренесе во Македонија.

Лазаров не можеше да се помири, додека Хранов му се мешаше во управувањето. Тој сакаше да заграби сѐ во своите раце и тогаш да им даде полн простор на „широките планови“. Та срекна минута дојде на почетокот на минатата [18]93/94 уч[ебна] год., кога го пензионираа Хранов. Лазаров веќе во полна смисла на зборот стана господар на Одделот, давајќи полн простор на лукави инспектори, предавници директори и развратни учители, кои создадоа цела епоха и ќе останат пословични во нашата земја со своите интриги, предавства, безаконија и разврат...

Така, во Цариград имаше две власти, коишто се гонат: духовната и световната. Началник на првата

власт е Егзархот, а на втората – Лазаров. Таа борба „на атовите“ е пренесена во целата провинција: И Лазаров и Егзархот се стремат да здобијат сопартизани во Македонија помеѓу општините, општинските претставници, владиците, директорите, учителите и граѓаните. Ете каде е клучот на лутата борба на сите тие разнобојни бугарски елементи во Македонија, која сега претставува жива слика на хаотичната првобитна борба меѓу природните стихии. Рибата од главата смрди. И додека таа глава не претрпи коренити операции, работите кај нас сè ќе смрдат, така што ќе ги привлекуваат туѓите пропаганди врз инаку убавата наша Македонија...

Партизани на Лазаров сè од него плаќаните директори, учители, заинтересирани граѓани, по ред, супсидирани книжари, пансионски комесари, некој банкар, некој претприемач; а партизани на Егзархот се општините со нивните претседатели и владици, како и незаинтересираните граѓани, кои, во повеќето случаи, гувеат пред Егзархот, бидејќи тој не можел да греши!

Нема сомнение, дека таа распределба на интелигентните сили во Македонија на Егзархисти и Лазаровисти е само приближна, зашто има учители и директори, кои ја др̀жат страната на Егзархот, како што се наоѓаат и претседатели на општини, дури и владици, па и некоја општина, кои од неразбирање или од приватни интереси го поткрепуваат Лазаров и тоа благодарение на големите суми и скапо платените агитатори од страна на Лазаров. Но последните испреплетени елементи се исклучоци, кои не влегуваат во главната класификација, бидејќи: Општините со своите претседатели се приврзаници на Егзархот, а учил[ишните] Управи со учителите се приврзаници на Лазаров.

Проникливиот читател би требало да забележи и една друга околност во таа класификација на македонските дејци, а имено, дека тие се групираат околу Егзархот, или околу Лазаров не затоа што последните се претставници на спротивставени идеали, ами едноставно за тоа, што едните се под ресорот на Егзархот, а другите – под Лазаров. Со други зборови: распределбата на нашата чувај боже интелигенција е поставена врз материјалистички основи. Природно е дека при такви околности ќе печали оној што располага со *материјата* – парите. Со парите располага Лазаров: ете зошто речиси сите оние кои имаат материјални, воопшто парични врски со Егзархијата го поддржуваат Лазаров.

Ние ги нарековме следбениците на Лазаров – партија. Тука ќе признаеме дека тоа го направивме за поголема јаснотија на изложените нешта, а во суштина Лазаров нема никаква партија во Македонија, бидејќи да им плаќаш на луѓето за да те следат – тоа уште не е партија. Следбениците на Лазаров се учителите, воопшто чиновниците на училиштното дело, кои го обожуваат Лазаров, додека им плаќа и им ги зголемува платите според нивната преданост кон неговата личност. Нека Лазаров располага со материјалните средства на Егзархот и ние ќе видиме, колку пари чини тој господин (ни се чини тоа време е дојдено). Што се однесува до неговиот успех меѓу граѓаните – тој е сосема сомнителен: да спечалиш на твоја страна еден книжар преку супсидии, алаш-вериш и преку едно езуитско наложување на неговите изданија во сите бугарски училишта во Македонија; – еден банкар, којшто има по 300 – 400 лири годишен приход; – неколцина претприемачи за разни потреби на пансионтите – неколцина од пансионската комиси-

ја, притоа скокоткајќи го нивното морално и *материјално* честољубие, со нивно задржување, против сите закони, по цели 3 години во комисијата; – сето тоа не е добивка, туку елементи на разврат на граѓаните, на народот. Нека покаже Лазаров дека неговиот успех меѓу граѓаните е поголем, дури и по толку материјални жртви, по една силна агитација која се водеше и уште продолжува, – нека, велиме, тој посочи неколцина незаинтересирани и совесни граѓани, кои го поддржуваат, и ние ќе му речеме: аферим!

При таква беспочвена ситуација меѓу граѓаните, меѓу самиот народ, Лазаров требаше да си создаде почва, зашто инаку тој гледаше дека неговото задржување во Цариград би било не само настабилно, но и бескорисно, би зависело од каприцот на Егзархот, којшто, во случај, да го изгуби трпението, само со една заповед, може да го истера од Цариград. Лазаров не го губеше куражот. Напротив: тој беше восхитен од својот брз успех. Зашто, благодарение на удвоените и утроените „левчиња со торбички", тој при една обиколка внатре, ги натера да плукаат по своите принципи луѓето кои имаат претензии да го воспитуваат младото поколение, луѓе кои самите се сметаат за повикани да ја раководат младата интелигенција во Македонија, та Лазаров се надеваше, дека тие предавници ќе можат да создадат сомисленици и меѓу граѓаните, толку повеќе, што Лазаров не само што ги преврте со нозете нагоре принципите на бившите емигранти, туку тој успеа, како што споменавме и на друго место, од таа господа да создаде една најпредана дружина кон себе, слична на Џингиз-Кановите орди. Ние ја нарекуваме Лазаровската „партија" – Џингиз-Канова орда, а тоа ќе го видат самите читатели од средствата, со кои таа орда се служеше и се служи во

сите свои дејства за спроведување на Лазаровштината. Во тој однос на Лазаров најмногу му помогна познатиот слаткозборец-итролукавиот инспектор К'нчев, најголемиот македонофоб, кој не еднаш го докачувал честољубието на Македонецот со фразите: „ние ве храниме!“ и сл., и кој благодарение на неговите шарлатански *патеписи*, за кои подготвуваме специјална оценка, си беше спечалил популарност и добро име меѓу некои, кои немале случај поодблизу да се запознаат како со неговите „патеписи“, така и со неговата езуитска и вампирска душа.

Организирана еднаш таа орда, не по официјален ред, како доликува на една официјална институција, каков што е Уч[илишниот] Оддел (Лазаров речиси ништо не прави сам, така што Одделот не е само во Цариград, ...) туку чисто и едноставно по пријателство, како кај Арнаутите, – таа збирштина од севозможни крајни и бесчесни елементи требаше да се впушти во борба, за да печали партизани меѓу граѓаните и Егзархиските чиновници, да ги зграби училиштата во Македонија и со тоа да ѝ послуслужи на Стамболовата експлоататорска мисла.

Сето она, што не го одобрува новиот курс на училишното дело во Македонија, требаше да ја наведне главата пред тоа хунско продирање на срećните синови на балканската Прусија ... Ај да видиме, што ќе стане: Србија – Пиемонт балкански, Бугарија – балканска Прусија, Македонците ... „сепаратисти“! Радувајте се, следбеници на пророкот! ...

Месните учители, бидејќи беа најзаинтересирани, не можејќи да гледаат како вчерашните браќа, денес се подигруваат со судбината на нивната татковина, воопшто го искажаа својот протест против постапките на Одделот; тие јавно зборуваа, дека

Лазаров го отклонува училишното дело во Македонија од вистинскиот пат и го турка кон пропаст, – дека тоа е претворено во поле, каде се случуват крајни неправди, – дека тоа само од надвор изгледа здраво, а во суштина се заразува од најлоша болест, – дека не бива да се прават помошти со цел да се печалат партизани, бидејќи се развратуват општините, та за една времена печалба се прави предавство спрема делото, – дека треба да се работи така, што општините полека-лека сами да ги подржуваат училиштата и да се дава предност на месната интелигенција, од чија средина да се избираат и учители, и директори, и архимандрити, и владици и сл., и сл., дека училиштата, со еден збор, како што се поставени сега, ги немаат предвид интересите на таа земја за која навидум постојат. Тие протести, меѓутоа немаа општ карактер; тие се појавија посилно или послабо пак меѓу учителите и тоа најмногу во Солун, потоа во учит[елскиот] совет при судирот со директорот, ретко работата одеше до Цариград, а граѓаните речиси не ја претчувствуваа постојната опасност за училиштата, како и разногласијата на учителите. Така се помина година и пол време, кога во Одделот се гонеа Хранов и Лазаров, додека последниот го истера првиот, откако го пензионира во почетокот на минатата 1893/94 уч[ебна] година. Бидејќи беше во апогеата на својата сила, Лазаров истата година замисли да преземе порешителен атак, свртувајќи ги своите лакоми погледи кон Солун и Битола, но главно – Солун. Поради таа причина учителите – Македонци при Сол[унската] Гимназија, кои го осудуваа поведението на Одделот беа прогласени од К'нчев за *сепаратисти* (*отцепници*) и по таков начин беа преместени од Солун, така што тие требаше да си поднесат оставки како и што на-

правија. Една мала белешка: Стамболов кога сакаше да сосипе некој од своите противници го обвинуваше за русофилство, опасност од Русија: Лазаров пак, неговата креатура, кога сака да се ослободи од некој посовесен учител, преку устата на К'нчев и целата џакатајска команда грми: „тој е сепаратист, опасност од расцепување на целиот бугарски народ!“ ... О патриоти, патриоти! не ли е тоа чиста Стамболовштина пренесена во Македонија? Е, да, но Стамболовштината падна во нејзиното родно место, несомнено е дека таа ќе се сруши и кај нас – каде ќе одите тогаш? ...

Во замена на преместените од Солун петмина „сепаратисти“: Цонев, Х. Николов, Баласчев, Машев и ѓакон Никодим, – Лазаров – доведе 10 души нови учители, па заедно со старите направија збир од 10 предавачи само за гимназијата и двата педагошки курса; повеќето од новите учители беа бивши ученици на Лазаров, или пак луѓе проверени од него за време на неговото инспекторување во Бугарија и неговите обиколки по Македонија.

Таа збирштина од севозможни доктори и кандидати на разни науки, требаше да ја раководи еден авторитетен човек, кој ќе има што да покаже од своето минато, за да држи респект над својата дружина. За таков во Софија се избра г. Сарафов, роднина на Стамболов, како што велат. Сарафов беше политички противник на Стамболов, но финансиската болест, која безмилосно го беше обзела Сарафов и стравот од други порадикални мерки, кои Стамболов ги применува спрема оние, што не го слушаат, – тие две причини го натераа и тој бивш министер, да фалира со своите принципи, па за атерот на 5 – те стотини да дојде во Солун сè од патриотизам...

Независно од сето тоа, во Сарафов се полагаа големи надежи од двете страни во Солун: едните имајќи го предвид минатото на Сарафов, при сите негови ангажмани веруваа, дека тој нема да оди докрај, та ќе дојде до едно изгладување на Солунските народни работи; а другите, Лазаровистите, т.е. првенствено учителите го очекуваа како нивен, но сепак со известна резерва, поради која му го оставија како ментор К'нчев, кој откако ја заврши својата мисија, ставајќи го Сарафов во конфликт со општината, околу Коледе замина за Цариград, оставајќи го на своето место Цинцарот Наумов. Уште првите дни се виде дека Сарафов не е оној Сарафов кого го очекуваа. Тој веднаш влезе во конфликт со Општината во врска со прашањето за комисијата и лани за прв пат, во блаженото време на многуочекуваниот Сарафов, една пансионска комисија работеше во текот на *две* години, и покрај сите егзархиски правилници; оваа година, ова комисиско прашање уште продолжува и станува уште понезаконско; Сарафов од еден чист инает не ја признава ново назначената комисија од Општината, а продолжува со една 2 – члена, наместо 4 – члена, комисија да ги води пансионските работи. Сарафов е едно чудовиште по тоа прашање! Тој окајан бивш министер дури си дозволил да бара луѓе по продавниците во Солун за да ја дополни својата оскатена комисија ...

О tempora, o mores! Ами што да кажеме за оние две мекериња на Сарафов, кои со своето скандалозно останување во комисијата и по волјата на Сарафов, потпомагаат тој Сарафов да ги погазува правата на Општината? Тие кусоумни човечиња, заблудувани од Сарафов, на кого тие никогаш не ќе му ги разберат тајните планови, – си мислат, горките, дека им се

одмаздуваат на лицата, кои ја сочинуваат сегашната општина[87], та мислејќи така г. Мацанов и бај Панчев, никогаш не им дошло на ум, дека тие ѝ се „одмаздуваат" на Општината во која утре можат да бидат избрани за членови, и според тоа тие господиновци си се одмаздуват самите на себе. Ето тоа се вели кусоумие, кое го експлоатираат дури глупаци како Сарафов, та затоа работите ни напредуваат како на рак. Сарафов не прави се по својот ум – така му заповедаат од друго место, па не само при овие, но и при било кои општинари, тие наши „доброжелатели" ќе гледаат да ги одземат правата на нашите општини. Помнете ни ги зборовите. Свестете се!

По судирот на Сарафов со Општината, доаѓаат трагикомедиите со управата на женската гимназија и пансионот. Тука Сарафов ја излеа сета бескарактерност. Не би поверувал човек во сѐ, што се направи во женскиот пансион и гимназијата, чија задача е да дава примерно воспитание на женската младина во Македонија и да вади карактерни и честни воспитувачки за провинцијата. И таа институција не беше поштедена

---

87 Актуелната егзархиска црковно-училишна општина во Солун била избрана пред Велигденските празници 1894 година и била под целосно влијание на МРО. Затоа Егзархијата го оспорила изборот, а општинската управа не била потврдена во наредните 10 месеци. Подоцна бил донесен нов правилник според кој биле организирани нови избори. Листата зад која стоела МРО повторно победила. Оттука произлегувал судирот помеѓу солунските општинари и директорот на Солунската егзархиска гиназија Михаил Сарафов. Поради непочитувањето на правата на општината од страна на Сарафов, општината се заканила дека ќе ги прекине сите односи со Училишниот оддел во Цариград, па дури и со самата Егзархија. (Види: Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт... 147.)

од серазрушувачката Стамболовштина, чиј официјален претставник во Солун стана бај Сарафов! Ќе раскажеме такви факти, од кои на читателите ќе им се кренат косите.

Штом пристигна во Солун, бај Сарафов си напечати бланки, во кои се претстави како директор на машката гимназија и *раководител* на другите бугарски училишта. Меѓутоа се најде едно лице, кое не го призна Сарафов за раководител над училиштето што му беше доверено – тоа беше г. Пундев, директор на женската гимназија, којшто, имајќи си црно на бело, не сакаше да слушне за никакви раководители. Подоцна по тоа прашање се јави потреба да се распрашаат во Цариград и Лазаров побрза да одговори дека Пундев си е директор на женската гимназија со истите права, со кои Сарафов си директорува во машката гимназија. Се разбира дека Лазаров си имаше друга сметка – не му беше многу по волја назначувањето на Сарафов за директор во Солун, та во текот на минатата година, тој неколку пати го пресече Сарафов по 3-4 прашања. Причините за соперништвото меѓу Лазаров и Сарафов читателот ќе ги види понатаму појасно.

Не можејќи да го потчини под себе Пундев само преку едни бланки, Сарафов тогаш ги пушти своите подземни интриги; во тоа дело му помогна д-р Панчев, Ганов, Тошев и други учители од машката гимназија, кои доброволно беа зеле часови во женската гимназија. На Сарафов многу му „помогна“ и една учителка, по име Вербичка, која им даваше и *приватни часови* по француски јазик на *Сарафовите деца во неговиот дом*, и која еден прекрасен ден се скарала со Пундев и сиротата му ги плеснала следните зборови: *Ти си партал ...*, кои биле слушнати од ученичките.

Кој знае! Ама кај нас сите веруваат, дека тој ум на кутрата Верба Димитрова ѝ е даден од г. Сарафов или директно, или пак преку неговата крава која многу сака да се меша во работите на својот маж. Се разбира дека несреќната Верба беше отпуштена сред година, што не малку го жегна Сарафов бидејќи тој очекуваше сосема друго, за што се помачи да го изврти фактот. И тука Лазаров му даде на Сарафов едно апче што требаше да се проголта, иако идеше од некогашниот нему потчинет чиновник. Велиме, Сарафов го голтна горчливото апче, не зашто нему му се паѓаше, туку затоа што таа правдина од страна на Лазарова си имаше сосема други мотиви – соперништвото. Но, Сарафов не се разочара: по аферата на Верба, тој го покрена прашањето за хоспитирањето на учителите, кои доброволно беа зеле часови во женската гимназија; ги подбуцна учителите да не му дозволат во никој случај на Пундев да ги хоспитира, од што како последица некои од учителите, меѓу кои и „длабокоучениот" д-р Панчев го изразија своето незадоволство спрема Пундев пред ученичките во класот. Куриозитетни се мотивите коишто тој д-р ги приведуваше против хоспитирањето на Пундев: ние се обложуваме дека Панчев, којшто во тој случај сакаше да се препорача самиот себе како капацитет по историјата, ги смеша науките со приказните за ловење шатки... Меѓутоа, за да се групираат сите осум учители против Пундев, Сарафов ги повика останатите, пришто на секој одделно му кажуваше, дека сите негови колеги во женс[ката] гимназија не прифаќаат да ги хоспитира Пундев и му бараше мислење: што мисли тој по тоа прашање? Дали е солидарен со своите другари? Тоа, како што гледате, беше агитација. Мнозина од учителите беа изненадени од самото

постоење на прашањето, коешто тие за прв пат го научија од Сарафов. Збунетите учители се наоѓаат во небрано: едни му одговараат, дека за нив е сеедно кој ќе ги хоспитира, зашто не му даваат некое особено значење на хоспитирањето, и дека ако тоа прашање е толку важно, што треба да се покрене, тие немаат ништо против, ако Пундев престане да ги хоспитира, но дека во секој случај тоа прашање за нив е нејасно; други се согласуваат со својот директор во кој гледаат свој заштитник за хоспитирањето! Се нашол еден, којшто одговорил одречно на Сарафовото барање. Како и да е, но бај Сарафов од тие одговори прави еден капитал во своја полза и попладне пишува едно писмо до Пундев во кое му вели да престане да ги хоспитира потчинетите нему учители за да се избегне скандалот, додавајќи дека тоа го изјавиле самите учители. Пундев на Сарафовото писмо погледна со недоверба, па и тој ги праша учителите, дали е вистина дека не сакаат да ги хоспитира? Излезе дека тројца не сакаат, двајца одговараат неодредено и тројца сакаат. Тогаш уште една агитација против Пундев: тројцата што не сакаат, подбуцнати од Сарафов, пишуваат едно барање до Сарафов, коешто Ганов го поднесува да го потпишат дури учителките на женс[ката] гимназија, и кое горе долу ги содржи следните точки: „ние не го признаваме Пундев за директор, туку Сарафов, којшто е назначен за тоа и на женс[ката] гимназија“; „Пундев стои подолу од нас по образованието, затоа не го прифаќаме да нѐ хоспитира“; „ние отидовме во женс[ката] гимназија под услов да нѐ не хоспитира Пундев“; „друга е работата, ако Сарафов сака да нѐ хоспитира“.

1) Самиот Лазаров не го призна Сарафов за директор на женс[ката] гимназија;

2) Не е вистина, дека „Пундев стои подолу по образованието", бидејќи тоа барање се однесуваша и на гимназиските учителки, а Пундев предаваше во VI клас;

3) Учителите не беа отидени во женс[ката] гимназија под никакви услови;

А, 4 – та точка ја содржеше тенденцијата Сарафов да ја завладее женс[ката] гимназија.

Тоа барање, чијашто содржина целосно е фалсификат, не сакаше да го потпише еден од нивните луѓе, г. Бадев, човек со добра душа, но изместена отпосле, бидејќи го мрзи да мисли. Се случила оваа интересна сцена, што ни ја раскажа очевидец: во учителската канцеларија на м[ашката] гимназија Ганов го поднесува барањето да го потпише Бадев; последниот го чита барањето и во тоа време влегува Сарафов, кон кого бај Бадев го упатува прашањето: „ами, г. Директоре, дали треба и јас да го потпишам ова барање – нели јас Ви кажав усно дека сум согласен?"– Сарафов црвен како рак, бега од учит[елската] просторија, а во тоа време Ганов го граба барањето и го нарекува Бадева: глупак! ... Кутриот Бадев не сакал да го удри барем својот потпис под еден фалсификуван акт...

Другиот ден, пак во учит[елската] канцеларија, меѓу двајца учители од кои едниот беше Бадев се случуваше следниот разговор:

Бадев прашува: – Го потпиша ли ти барањето?

Другиот учител: Не. Ами ти?

– Јас го потпишав.

– Како ти дозволила совеста да го ставаш својот потпис под таква блуеница?

– А бе, го потпишаа некои други, а јас пак не сакав да правам некој исклучок – знаеш, за другарство го потпишав.

– Јас не сакам другарство на слични луѓе...

– Ех, тоа се случи: кажи му здравје...

Тоа барање го потпишаа петмина учители наспроти тројца, кои го отфрлија. Но, тоа не му попречи на Сарафов да му телеграфира на Лазаров, дека *сите* учители, кои доброволно прифатиле часови во женс[ката] гимназија, не прифаќаат да ги хоспитира Пундев.

Тогаш, Лазаров телеграфски му заповеда на Пундев да го запре хоспитирањето до следната распределба. Ова половична добивка на Сарафов се постигна со најбескарактерни средства, како што гледа читателот.

Се разбира дека Сарафов не можеше да се задоволи со тие сомнителни постапки, толку повеќе, што Пундев ја држеше страната на Општината и се вбројуваше во кругот на наречените „сепаратисти", та во неговото сосипување Сарафов гледаше многу нешто. Иако лани Пундев се додржа докрај живо и здраво – тоа се должи на соперништвото меѓу Лазаров и Сарафов, коешто Сарафов добро го гледаше. Ете зошто Сарафов се зафати со сите свои сили сам да си го пробие патот во Солун, слично на неговиот претходник едно време – Начев; ете зошто тој дејствуваше против Пундев во сите правци: ете зошто Сарафов не ја остави ниту висококарактерната началничка во женс[киот] пансион, г-ѓа Попова, ниту надгледувачките, ниту, о време! невините ученички, чија чест за Сарафов не чинеше пет пари, доволно за да можеше преку таа чест да помине кон својата властољубива цел!

Бидејќи домаќинскиот дел на пансионот од Одделот му е доверен на Директорот на машката гимназија, Сарафов имаше слободен достап во женската

гимназија. Се гледа, Сарафов има многу површни сфаќања за жената, та како вистински езуит тој правел обиди за да влијае со својата пријатна надворешност врз нежното женско срце... Ете каква сцена разиграл тој донжуан во почетокот на годината: порачал во пансионот да се подготви и за него вечера; вечерта, приправајќи се полупијан, ги засукува мустаќите, се протега, како ... и го упатува тоа непристојно прашање кон надгледувачките: „нели сум убав? ха – ха – ха“... Но бескарактерниот Сарафов заборавил дека се наоѓа пред Бугарката Попова, која му дала да разбере дека, нему му требаат уште илјада години, за да ја стаса било по честност и карактер, било по ум. Од тој момент, Попова го презре Сарафов и не сакаше да му го слушне името. Добро, но тој „грев“ на Попова цела година требаше да го отплаќа женскиот пансион. Му јавуваат на Сарафов, дека студените соби треба да се постелат со черги: тој им препорачува картон, со кој ќе ги затворат дупките. Тоа – да речеме – нејсе: економија! Ами со кој ум Сарафов си дозволи да ја задева и невиноста на несреќните пансионерки? Знае ли Сарафов дека на друго место и при други околности би го раскинале на парчиња за безобразлукот, којшто самиот тој го допушти минатата година во женскиот пансион и гимназијата, само и само луѓето да кажат дека Попова и Пундев не се кадарни да го држат неопходниот ред во тие институции и дека е потребна неговата рака? О подлост, о нискост Сарафовска! И тоа чудовиште некогаш во матните времиња било министер во Бугарија!...

Сите солунски Бугари многу добро го знаат односот на Сарафов спрема Ганов. Тоа безумно тропало, кое на својата триесетгодишна возраст останало

без заби, благодарение на развратниот шантански боемски живот, му служеше на Сарафов како едно кутре. На тоа кутре му беше доволно Сарафов да ја даде својата заповед и тоа беше готово да си ја смачка муцката, за да услужи на својот господар. Но штом Сарафов му заповеда да мирува, тоа си ја подвиткуваше опашката и не мрдаше, како што е случајот, кога Пундев го притисна Сарафов, да го пособере, бидејќи има факти во рацете, кои го тераат со шамари до го истера Ганов од женската гимназија.

Та тоа, кутре, прочуениот Христо Ганов, којшто благодарение на своите прикаски, беше успеал да се добере преку веселиот син до една видна бугарска фамилија, – тој Ганов речиси секоја вечер го посетуваше пансионот и таму пред очите на сите пансионерки водеше љубов со ќерката – ученичка на споменатата фамилија. Началничката Попова неколкупати едноставно го истера тоа кутре, го ругаше, илјада пати му јавуваше директно, или индиректно на Сарафов усно и писмено. А Сарафов мудро молчеше, како да сето тоа се случуваше некаде во Кина, а не од негов чиновник. Дури повеќе: преку сестрата на учителот Тошев, близок пријател на Ганов и второ кутре на Сарафов, Гановчето ги испраќало своите љубовни писма, кои одвај кон крајот на годината се најдоа во куферот на трета ученичка... Љубовните сцени продолжуваат и во женската гимназија пред сите...

Сарафов сето тоа го знаеше, сето тоа го трпеше ... што велам! Тој уште го потпомагаше, притоа, го фалеше Ганов на лево и десно, зашто пак Ганов, од своја страна, како Циганка го подигаше Сарафов пред кого ќе сврати, притоа не се срамеше да измислува пирамидални лаги, како на пр.: дека Сарафов бил многу богат и важел за прв финансиер во Бу-

гарија; дека него го канеле за министер, но тој не прифатил; дека Сарафов имал познанство со сите конзули во Солун ... а на *актот* требаше да им се препорачува дека е : La Directeur! ... и сл. и сл.

На Ганов никој не му веруваше, но нему толку му чини, а на Сарафов му беше пријатно да има некој да го фали.

Освен горештата желба да ја прогласи за несигурна управата на женскиот пансион и гимназијата, Сарафов приватно и Уч[илишниот] Оддел воопшто, на кои исто така неколку пати им беа соопштени безобразијата на Ганов и директорот Сарафов, гонеа и друга цел, притоа оставајќи го тенеќе суратлијата Ганов да развратничи пред ученичките. Таа цел влегува веќе во високите принципи на Одделот. Да се објасниме. Од историјата е познато, дека, кога на Запад се појави протестанството, еден фанатик католик, Лојола, основа езуитско друштво,[88] коешто со дозволени и недозволени средства ќе се бори против напреднатото протестанство.

Една од главните точки на езуитскиот устав, кој го држеа тајно дури до почетокот на минатото столетие, гласеше, дека *благородните езуити ќе се вовлекуваат за воспитувачи на кнежевските фамалии и*

[88] Jesus – Исус, Societas Jesu – Друштво Исусово. Членовите и приврзаниците на оваа друштво се нарекуваат езуити. Овој католички ред бил формиран од Игнацио Лојола во 1534 година. Редот бил потврден од папата Павле III во 1540 година, а бил укнинат од папата Клемент XIV во 1773 година. Редотј повторно било воспоставено од папата Пие VII во 1814 година. Седиштето на редот се наоѓало во Рим, а на негово чело стоел генерал, кој бил избиран доживотно од страна на генералната конгрегација.

*богатите, па преку својата надворешност да може да влијаат на нивниот пол.*

Тој пункт од езуитската програма го прифатија и бугарските езуити кај нас, притоа го видоизменија така: преку женидби да се привлекуваат попрвите бугарски фамилии во Солун и по можност од провинцијата. Ете зошто некадарниот Тошев, против кого се бунтувале учениците, лани го ѓутуресаа во Солун; истото е со наметнатиот Рачев, и со Скопскиот инспектор Стојанов. Ете зашто лани триста нозе скокнаа, додека ги правеа двете свадби во Солун, притоа не застануваа пред никакви средства за да ги пофалат кандидатите...? Бидејќи Сарафов и К'нчев станувaa кумови! А секој знае како влијае роднинството врз простите и старите луѓе кај нас. Ете зошто, најпосле, се правеа сите олеснувања на Ганов, притоа го пофалија дури во в. *Свобода* за неговата глупава контра приказна *за водата*, по чие завршување Сарафов јавно го нарече Ганов *јунак* (!), „Јунак Ганов !“ . – да, зашто и тука се криеше едно прифатливо кумство за Сарафов, со кое би станале цели четири *мешани брака*, зад кои стоеја уште четири први фамилии во Солун, а тоа би било цело општество, сред кое беспочвениот Сарафов би се исправил на свои нозе, – Какви ли не навреди за предметното девојче и фамилијата, а прифатливи приказни за Ганов намерно се пуштаа во оптек, само за да се оневозможи неговото мажење со некој друг! ... Но сè отиде по ветерот ... Ганов си ги покажа роговите и пак си остана Ганов. Кога според него и С-іе изгледаше, дека работата ќе има добар крај, Ганов направи такво безобразие, коешто не го фаќа печат... И куриозното е, дека кога целиот свет се згнаси од Ганов, Сарафов уште продолжуваше да го заштитува ... А во што се беше вљубил Сарафов: дали во предавачките способности,

или во неговиот ум? или пак Сарафов сакаше да се постави *над* општото мнение, кое беше негодувало и против него и против неописливиот лажливец и развратник Ганов, Тошев, против стројникот на свадбите потајниот Цинцар Наумов, чија девиза е лицемерието, и којшто, слично на Кандиларов, преку своите курсисти се стреми да создаде цело поколение на лицемери, итреци, или, како што кај нас ги нарекуваат, со општо име – *ѓаволи*. И знаете ли, дека тие *ѓаволи* се определени за селски учители кај нас? Знаете ли, дека ним им е доверено моралното подигање на нашиот деморализиран од фанариотството селанец, во којшто не останало ни вера, ни закон, ниту пак моралност? Не Наумови креатури, не *ѓаволи,* туку луѓе со чесен, цврст, постојан, отворен и правичен карактер, – такви луѓе ќе можат да излезат победници во нерамноправната борба со порокот, – само цврстите и отворени карактери ќе го изнесат нашиот народ на своите рамења од пропаста, во која е турнат.

Колку сакаат нека знаат методи и фребелови играчки, штом им недостасува солидно воспитание, нашите курсисти ќе си останат бескорисни буквоjади. А, Наумов знае да „воспитува“ само ѓаволски карактери – тоа е неговата специјалност. И кој знае дали ќе се најде човек, кој ќе го надмудри. На пример: сите, коишто поодблизу се запознати со солунските бркотници, наполно се убедени, дека Наумов ја игра првата улога во интриганствата, но ако побарате факти – не секој може да ви ги даде ... Се разбира, дека не така лесно ќе ги расипе природно добрите момчиња,* но

* Има случаи кога тој подлец со презир бил отфрлен од еден V – класник, кој што Наумов се обидел да го поткупи со материјални ветувања.

затоа пак тој класичен ѓавол, така вешто го фатил Сарафов за носот, што чиниш последниот навистина му служи за гајда, како што остроумно рече одринчанецот. Не се бара многу труд од Сарафов, ако би можел, да се оттргне од тој што го фатил за носот, зашто ѓаволот ги сака темните ќошиња, интригите, мракот: штом му ја покажеш светлината, правдата, ѓаволот го нема таму – тој бега, како од крстот. Така и Наумов, секогаш ги избегнува луѓето, кои имаат обичај да ја кажуват вистината во очи. Дури со некои од Сарафовиот штаб, по наведената причина Наумов нема земање-давање; при крајот на минатата учебна година еден од најблиските луѓе на Сарафов, учител, предлагаше да се направи една колективна изјава до Сарафов во ваква смисла: или Сарафов ќе го отстрани од себе Наумов, или пак учителите да се отстранат од Сарафов. Не е познато дали таква изјава се даде, но Сарафов го продолжи ланското поведение, а иницијаторот си поднесе оставка и сега веќе не е во Солун.

Да видиме сега дали Стамболовскиот Уч[илиштен] Оддел не го прифатил и основното начело на езуитството, кое гласи: *целта ги оправдува средствата*, или како што простите Бугари велат: „со ѓаволот стани ортак, додека го поминеш мостот“, – поговорка којашто најјасно ја отсликува негативната страна на бугарската карактерност. *Фактите* покажуваат дека бугарските езуити и во тој однос целосно се согласуваат со својот праучител Лојола. Така што ние немаме Уч[илиштен] Оддел во Цариград, кој ќе се грижи за добриот врвеж на училиштата во Македонија, а едноставно и чисто еден *севернобугарски Езуитски одред* со позната задача, определена во почетокот на оваа статија, – задача, која во себе ја содржи уште и тенденцијата – да се создадат во Маке-

донија Бугари! Таа тенденција, впрочем, ја извлекоа од основната задача на Уч[илиштниот] Оддел и ја оформија отпосле некои егзалтирани „патриоти" за да ги оправдаат своите *бесни* прогони против лични непријатели, или принципиелни противници, кои ги ставаат повисоко интересите на својата родна земја, за коешто беа наречени со громогласното име – *сепаратисти* ...

Ете ги тие факти:

Во јануари, минатата уч[ебна] година, во Солун пристигна К'нчев од Цариград, истовремено дојде и Наследников од Битола, повикан од К'нчев. Несомнено е дека поканата на Наследников не беше само да се сретне со К'нчев, бидејќи последниот, како инспектор, можеше сам да отиде во Битола, како што беше направил неколку пати. Работата беше, во Солун да направат едно посвесно разгледување на некои прашања заедно со Сарафов и С-ие. А, го повикаа само Наследников, едно, за да не се крева многу врева и, друго, зашто Битола, каде тој правеше сè по својата волја, без мешање во општите работи на Општината, која, благодарение на нејзиниот тогашен претседател, кој е пишман што се родил и чијшто идеал е еден спокоен калуѓерски живот во манастир, – зашто Битола, велиме, претставуваше добро поле за прикривање на новиот Оддел, додека во Солун со општината претседателствуваше Авксентиј,[89] кој работеше како што му наложуваше должноста и интересите на Солунската општина, па не сакаше да знае за никакви

---

[89] Авксентиј Велешки и Битолски (световно име Христо Захариев Големенов, 1850-1919). Виш духовник – митрополит. Завршил духовна семинарија во Киев. Учителствувал во Петропавловската семинарија и во богословското училиште во Самоков. Во 1901 година е поставен за претседател на Бугарската егзар-

Лазаровци, Сарафовци, К'нчевци, и сл. Патем ќе забележиме, дека тоа доблесно однесување на Авксентиј, кое противниците не можеа да му го простат, стана причина за една микроскопска спротивна агитација предводена од К'нчев преку неговото мекере Бано Кушев, управник на училиштата во Велес, при изборот на тој Авксентиј за велешки владика; таа агитација на Кушев успеа да ги поколеба *само* младите мозоци на неговите потчинети учители и неколку побујни младинци, откако меѓу нив свитка гнездо опозиционерскиот дух, својствен за младите, и ги направи да гледаат со недоверба на секоја постапка на споредбено најдостојниот митрополит во Македонија – Н[еговото] В[исочество] – првосвештениот Авксентиј. Ние тука го немаме предвид законското барање на тројца кандидати од страна на велешани.

Да видиме сега, што направи тоа Солунско собрание, за кое некои уверуваат, дека имало едно заседание во гимназиската зграда, каде присуствувале: Сарафов, К'нчев, Наследников и двете кутриња – Ганов и Тошев, од тоа заседание се познати само овие зборови на К'нчев: „силни се, господа, треба да се преземат мерки“.

Нема сомнение, дека тие заседанија, или советувања, како сакате кажете ги, се случувале тајно, па што се зборувало, си останало меѓу нив. Така за мисијата на тој Солунски конгрес ќе може да се суди само од резултатите, кои се јавни и неоспорни.

Ете што има на бело – видело:

---

хиска црковно-училишна општина во Солун. Од 1894 година е егзархиски митрополит во Велес, а од 1907 во Битола. Во текот на Уриетот бил избран за пратеник во Османскиот параламент. Од Македонија е протеран по Балканските војни. Починал во Цариград.

Набрзо по заминувањето на Наследников за Битола и К'нчев за Скопје-Софија, на Велешката општина преку Кушев, а на Прилепската преку Рачев од Одделот им се предлагаат по 200 лири за проектирање на училишни згради од тие општини: со цел за да закрепнат разнишаните позиции на тие верни луѓе на К'нчев и за да се привлечат тие најсилни бугарски општини во Македонија. К'нчев во Скопје работи против владиката и се служи со *полицијата* за смирување на разбунтуваните ученици, и го затвора IV-от клас. Во Битола Наследников го *избркал* целиот IV клас за една неподготвена тема по француски јазик, и покрај тоа што учениците претходно се извиниле пред Наследниковиот љубимец; подоцна, кога во *Гл*[*ас*] *М*[*акедонски*] пишуваше за дивотиите на Наследников, тој го обвинува инспекторот Н. Наумов и учителот Т. Доревски дека тие пишувале во весникот, *го предава* весникот на полицијата, а малку подоцна полицијата фати еден Стамболов шпион по име Бајчев, поради кој беа арестувани мнозина битолчани (сите противници на Наследников и С-ие...) меѓу нив и Н. Наумов[90] даде благопријатен случај на Наслед-

[90] Никола Наумов (1871-1934). Деец на македонското националноослободително движење. Се школувал во Солун, Белград и Софија, каде бил уапсен заедно со Дамјан Груев поради убиството на министерот Х. Белчев. По враќањето во Македонија работи како учител. Еден од основачите и активистите на Врховниот македонски комитет. Подоцна се објавува против дејноста на ВМК на Михајловски-Цончев и влегува во отцепничкиот ВМК кој е на страната на Делчев и МРО. Во 1903 година влегува во Македонија со четата на Делчев и П. Јаворов. Издавач на списанието „Македонски преглед“ (1905), весниците „Право“ (1910-1913) и „Изгрев“(1913).

ников, кој токму во тоа време беше раздразнет од некакви летоци со сатирична содржина, да го обвини Наумов и Доревски, како автори на тие летоци, и специјално Наумов – за автор на бунтовничките статии во *Гл[ас] М[акедонски]*, и на таков начин *го предава* Наумов како бунтовник, кој имал ноќни средби со Бајчев; само отвореното искажување за својата мисија од страна на Бајчев може да го спаси Наумов од ... Од Скопје К'нчев за кратко време замина за Виена, а од таму замина за Софија, каде се обиде да основа еден весник, кој ќе го заштитува Одделот, притоа убедувал некои високостоечки личности меѓу кои и Гешов,[91] дека тој во Македонија основал *комитети*, чија задача била да ја претставуваат вистинската положба на училиштните работи во таа земја итн...

Кога горните факти ќе ги сведеме под општ именител и кога ќе земеме предвид дека сето тоа се направи *токму* по растурањето на Солунското собрание, – не може да не заклучиме:

1) дека тоа собрание имало за цел да формира К'нчеви комитети, и со нив во Софија сакаше да

---

[91] Гешов, Иван Естратиев (1849-1924), бугарски политичар, банкар, економист и публицист. Финасиски и политички науки завршил во Англија. Водач на Народната партија во Источна Румелија, претседател на Обласното собрание и негов пратеник. Директор (министер) за финасии (1882-1883). По заминувањето во Кнежеството Бугарија бил директор на Бугарската народна банка, министер за финасии (1886) и во (1894-1897). Лидер на Народната партија од 1901 и на Народнопрогресивната од 1920 година. Бил министер претседател и министер за надворешни работи во исклучително важен и сложен период (1911-1913). Претседател на БАН од 1898 до 1924 година.

зашемети дури сериозни луѓе, бидејќи во Велес и Прилеп требаше да закрепнат управниците што му беа верни, и

2) дека на Солунските советувања, ако не се зело решение, барем се *предлагало* да се преземат сите *дозволени и недозволени* мерки против противниците на Одделот – наречените „сепаратисти“.

Тие дозволени и недозволени мерки, или како езуитите велат: средства, оправдани од целта – се пуштија во движе „под полна пареа“ во Солун од Сарафов, како што видовме, во Скопје од К'нчев, а особено во Битола од Наследников против учителот Т. Доревски, инспекторот Н. Наумов, докторот Робев, множина граѓани и ученици, кога се пикнаа во битолските зандани токму по великденските празници.

За битолското предавство своевремено се пишуваше многу и во подробности, но весникот *Гл*[*ас*] *М*[*акедонски*], отпечати многу малку, да не речеме ништо од пишуваното. Тој весник не објави многу други безобразија на Одделот и неговите луѓе, додека со задоволство даваше гласност на дописки, коишто повеќе од неразбирање му препишуваа туѓи гревови на Егзархот, којшто не можеше да се обвинува за училишното дело од доаѓањето на Лазаров сѐ до паѓањето на Стамболов. Не дека и тој е светец, но треба да бидеме праведни.

Уште малку за битолското предавство. Да обвинуваш Бугари пред турските власти за предавство на своите браќа, дури да помислуваш за такво нешто, – не е лесна работа и не може секој да поверува, како што не можат да поверуваат и г-та д-р Данев и д-р Крстев, па наивно се восхитуваат: „Како може да се обвинува К'нчев: и тој е Бугарин“ ... И ние така би

рекле, бај Данев и бај Крстев, ако се наоѓавме некаде во Америка, а вие дојдете да ни зборувате за горните одвратни нешта. Илјада пати да се заколневте во вашите докторски титули пак немаше да ви верувавме за горните одвратни нешта. Но што да правиме кога сето тоа се случува пред нашите очи; кога цел свет кај нас, па и Егзархијата знае дека Наследников и С-ие се предавници, и кога сам Ѓ. Петров,[92] другар на Наследников во предавството, пред нас отворено самопризна дека тој и Наследников навистина го предале Наумов и Доревски на полицијата, сомневајќи се дека тие двајцата се автори на летоците во кои биле исмеани тие и книжарот Доре заради предавањето на полицијата на еден број од *Гл*[*ас*] *М*[*акедонски*], што ја содржел дописката за бркањето на IV – класниците. Ами кој ги предаде учениците коишто се обвинуваа како автори на истите летоци? ами граѓаните?

Ѓ. Петров признава дека направиле *грешка* тој, Наследников и Доре, но што да се прави кога и тие биле Бугари, та не можеле да се избават од *бугарскиот инает*!

За нас е доволно и тоа...

Што се однесува за врската на Солунскиот конгрес со тоа предавство, мислиме дека од кажаното до тука е доста јасно: предлаганите помошти на двете најсолидни бугарски општини преку *управницитe* на нивните училишта, строгото варварско казнување на IV-класниците во Битола, Скопје и Сер се исклучок без сериозни причини, К'нчевите комитети, обидот да се преземе еден орган на Одделот во Софија, по-

92 Ѓорче Петров во тоа време се уште нè бил член на МРО, па оттука во тој момент е вброен на другата страна.

служувањето за *прв пат со турските власти* од страна на К'нчев во Скопје и предавникот Наследников во Битола, – сите тие мерки, кои се презедоа *токму* по Солунското собрание од луѓе учесници во тоа собрание не можат да се сметаат за случајни појави: тие факти кои го карактеризираат Стамболовиот систем на управување *се резултат на Солунскиот конгрес* ...

Требаше да се вдахне страв – чисто по Стамболовски! А кога ќе се земе предвид уште и тоа дека конгресот требало да преземе мерки против „сепаратистите", т.е., *по нивно*, луѓе, кои сакаат да направат расцеп меѓу бугарскиот народ, – луѓе, кои заплашуваат да отидат по ветер толку милиони, – луѓе предавници на бугарската идеја, – луѓе *предавници* спрема својата народност; та не ли е блиску до умот дека тие господиновци, самонаречени чувари на бугаромакедонските интереси за кои мислат додека „си ги дигнат куферите на рамо и ги заземат своите *отворени* служби во Бугарија" меѓу кои заседавал и оној егзалтиран занесеник К'нчев, – чудно ли е, велиме, што на тој конгрес се донело решение да се следат противниците – омразените „сепаратисти" согласно езуитското начело преку турските власти кои во таков случај би ја зеле нивната страна? Та нели првата точка на Стамболовата политичка програма е – пријателство со Турците!?

Да живеат бугарските езуити! Напред, о достојни синови на Лојола! Држи се бај К'нчев! Сепартистите се бунтуваат во твојата болна глава. Давај кураж и на фалираниот бивш министер Сарафов, којшто, според д-р Панчев, постојано си поднесувал оставка, но не му ја прифаќале ... петте стотини! Удрете по тие проклети сепаратисти, бај Лазаров!

Распрснете ги преку три-девет планини, да не се видат, да не се чујат! Ах тие лоши луѓе! Оставките на сите! или преместете ги со намалени плати! Нека не прифатат! Нека се мавнат! Ете им ја Бугарија – таму нема да бидат опасни! Еј ти Наследников помалку пиј – да не предадеш! Уште не е изгубена почвата под нозете! Кураж, Кураж! ...

Да не ги заразат учениците – затворете ги!

Да не ги завладеат општините – борете се без да се обѕирате на никакви закони!

Преживуваме исклучителни времиња – потомството ќе ви прости...

Тежината на тој исклучителен, Стамболовски режим се чувствува на секаде, каде има егзархиски училишта и луѓе; во Одрин, Битола, во сиромашниот со Бугари Сер, во вечно завриеното Скопје каде благодарение на глупакот Максим, К'нчев слободно си го разигрува коњчето, а тој разрушувачки варварски режим тежи особено во Солун.

Тука ќе го изоставиме подробното разгледување на работите во Одрин, бидејќи еден дописник на в. *Гл*[*ас*] *М*[*акедонски*] ветува да ги опише во посебна брошура: за Битола мислиме дека доволно се кажа; за глувиот Сер знаеме дека минатата година таму го затворија IV клас, а потоа телеграфски ги повикуваа учениците, за тој град го знаеме уште и тоа дека таму, како и во Одрин, ги затвораат „сепаратистите“; Скопје пак претставува таква каша, што човек тешко може да се снајде: од една страна владички притисок, од друга – К'нчева управа, од трета нискиот степен на Скопската карактерност, која, впрочем, е доведена до тоа дереџе од една важна околност, која, како што се гледа, ќе изнесе на видело едно големо петно врз

челото на Блажениот ни Егзарх: историјата на Високопрвосвештениот Теодосиј[93] уште е темна за нас, но за Н[еговото] Блаженство, се чини, ќе излезе и непрепорачлива...

Македонија во црковно-училиштен однос е таква: борба меѓу граѓаните, борба меѓу општините и училишните управи, взаемно гонење меѓу учителите, од коишто едни ја држат оваа а други онаа страна и сл. и сл. Чудесно perpetuo mobili кое ветува ... да ја однесе Македонија во кој знае каква пропаст, за да запре! ... Таа борба К'нчевци се обидуваат да ја пренесат и во второстепените градови, како Велес, Штип, Прилеп и др., но таму, таа нема почва бидејќи општините во тие градови од година в година сè повеќе се свестуваат и полека-лека почнуваат да ги разбираат своите права спрема училиштата кои наполно треба да зависат од нив: само со помошта на многу сложени махинации К'нчевци и таму ќе можат да поминат една ефимерна фаза. Никакви Самарџиевци, Кушовци и др. плаќани мекерињa на Одделот нема да помогнат...

Резултат на таа, или поточно, на тие борби беа бунтовите на учениците и затворањето на IV-те класови во Битола, Сер, Скопје. Резултат на таа безумно

---

93 Теодосиј Скопски (световно име Васил Гологанов, 1846-1926). Голем поборник за обнова на Охридската архиепископија како самостојна македонска црква во унија со римокатоличката црква, поради што бил остранет од митрополитскиот трон. Поопширно за дејноста на Теодосиј Гологанов види: Славко Димевски, Митрополитот Скопски Теодосиј – живот и дејност – (1846-1926), Скопје, 1965; Истиот, Присуството на Теодосиј Гологанов во македонската национална мисла во епохата на национално революционерното движење, ГИНИ, XX//2, Скопје, 1976.

покрената борба од Одделот е и полуарестот на пансионерите, од кое како последица, кој знае дали пак нема да бидат ученичките бунтови* кои секогаш се катастрофални за побунетите ученици. Учениците треба да се вардат од средба со „сепаратистите“.

Рековме погоре дека тежината на новиот училиштен режим најмногу се чувствува во Солун. Да се навратиме кон тој предмет. Не е тајна дека уште во Начево време Солун се подготвуваше за втора резиденција на Уч[илишниот] Оддел, за што од Софија се даваа сите неопходни олеснувања на Начев, којшто се здоби со право училишното дело во Солунско да се раководи преку една комисија. Подоцна, кога од Софија посакаа на Начев да му го доверат училишното дело во цела Македонија, Егзархот почувствува дека Начев ќе го изневери, па го мавна од Солун. Затоа пак, Стамболов му го натрапи Лазаров, а во Солун за резерва го постави Сарафов, определен да ја игра улогата на Начев, во случај ако Егзархот го протера Лазаров од Цариград. Но, сметките на Стамболов излегоа јалови, едно, што Сарафов ни од далеку не ги поседува квалитетите на Начев и, друго, што Сарафов во Солун за претседател на Општината го најде Авксентиј, кој никако не наликуваше на својот претходник Григориј во чие време вистински претседател на Општината беше директорот Начев. Измамен од можноста да ја заземе положбата на Начев, лесниот бај Сарафов направи толку гревови во Солун, што уште еден век му е малку за да ги испере. Слепо воден

* На 18 октомври во Солун се побуниле VII– класниците, кои за малку не биле последувани и од другите класови, доколку Сарафов не направел неколку отапки на VI-класниците, сè уште додека не го напуштиле пансионот.

од К'нчев и Наумов, Сарафов не можеше да проникне во ситуацијата, која Авксентиј многу убаво ја беше разбрал, та (Авксентиј) не сакаше да знае за не знам какви планови, инструкции, ангажмани и сл. кои јавно беа насочени и против неговиот врховен началник – Егзархот; тој си врвеше по патот, определен од законот, притоа не го допушташе Сарафов, како пред тоа К'нчев да се меша во работата на Општината.

За да им се одмазди на Авксентиј и на некои општинари, Сарафов лани не ја прифати пансионската комисија определена од Општината, какошто не ја признава и годинешната, по инерција – што ли? Со таа постапка шашардисаниот Сарафов против себе ги предизвика граѓаните и ги ожесточи партизанските борби при што се вмешаа и учителите: ете тоа е главната „заслуга" на бај Сарафов во Солун. „Сега работите ќе тргнат кон подобро" – велеше Сарафов, кога Авксентиј го избраа за владика во Велес, меѓутоа таа година работите во Солун сѐ уште позаплетени – граѓаните веќе започнуваат да си играат со „бившиот министер": тешко е бај Сарафов, кога човек еднаш ќе падне морално пред очите на народот – нели? ... И Ве уверуваме, дека така ќе продолжи да биде положбата на сите твои сонародници, коишто доаѓаат во Македонија со претензија: „да создават Бугари", „да ја култивираат земјата" *да заповедаат* во сѐ, како што Вие сакате да правите во Солун со неделното училиште, со вашето „раководство", со игнорирање на правата на Општината, претставничка на народот; уште потешка ќе стане положбата на вашето началство, кое сака нека биде тоа, ако продолжи да ви дава слични инструкции; не ќе прокопса ни бугарската идеја, ако одите со тој ум. Зашто ние, Македонците, асли ништо немаме; ништо

не сме спечалиле благодарение на слепата доверба кон своите божем браќа, та нема и што да загубиме. Жално е, но што да правиме, кога мнозинството од нашата интелигенција е расипано од вашето злато. Едно време златото на нашиот земјак, цар Филип, ја поткупи разединетатата атинска интелигенција и ја пороби Грција: сега е дојдено друго време при сосема спротивни околности – „брат брата продава" ... Врз тие прашања ние ќе се задржиме во друга статија, а сега да видиме, што претставува Солунската гимназија под гнетот на Стамболовиот режим, кој, како што погоре загатнавме, датира во Солун уште од Начев, од чие време Солунските учители се разделија на *Северњаци* и *Македонци*, а во К'нчево време последните беа свечено крстени со името сепаратисти во оној гнасен купел на умно слепи и сакати, што се нарекува весник „*Свобода*", како последица на тоа мнозина од „сепаратистите" беа преместени од Солун и заменети со цела плејада намерно избрани и верни на Сарафов северњаци, за да му се даде можност на последниот послободно да се занимава со својата вистинска мисија, за која му се плаќаат 500 наполеони (таа година велат му ја зголемиле платата на 620 наполеони: тоа малку нè интересира – нивни пари, на нивни луѓе, но да не викаат, дека ни давале пари за да не чинат Бугари: тоа го бара правдата) ...

Пред сè, да видиме од какви елементи беше составено ланското учителско тело во Сол[унската] м[ашка] гимназија. Бројот на учителите во м[ашката] гимназија изнесуваше 24, вклучувајќи го и директорот. Од нив: 1 Чех, 1 Италијанец, 1 Турчин и 18 души Бугари; последните се делат на Македонци 10 души и Трако-мизијци – 8; првостепени и второстепени учители има 10, од кои *тројца* се Македонци, а другите

*седум* – Трако-мизијци, или како што кај нас ги нарекуваат – *северњаци*. Како што гледате, Солунската гимназија се наоѓа во рацете на последните. Тука колат и бесат Сарафов и К-ја, толку повеќе, што вишето началство ги презема сите мерки, што Македонците – учители да се од оние, коишто во кнежеството ги нарекуваат *меурции* и ги карактеризираат со фразите: „и овде го клаам, и онде го клаам", „ќе ми дадеш пари, ќе се чинам Бугарин" и впрочем егземплари од родот на насликаните: Цинцарот Наумов и Бадев, двајцата од Крали-Маркова „Прилепа града"...

Тешка е ситуацијата на Македонецот – учител во Солунската гимназија!

Нашите Македонци учители, кога влегуваат во гимназиската зграда се чувствуваат како во некоја турска канцеларија, каде треба добро да ги обмислуваат своите зборови, треба да ги бројат: инаку биваат прогласувани за *сепаратисти* и ... тешко на златната им службичка! ...

Под притисокот на тој варварски режим нашите и тие одбрани „браќа" претставуваат чудни и интересни типови...

Ѕирни, читателу, во учителската канцеларија на Солунската гимназија и види, – види каква жална слика претставуваат тие клетници, кои се повикани од проклетата „судба" да ја „воспитуваат" македонската младина – и ете. Жално воспитание!

– Гледаш ли, оној носестиот со мефистофелски поглед, исушен од интриги? – тоа е олицетворение на подлоста, на интриганствата, на ниски преправања: тој што спори со него е човек, што умее многу убаво да говори, понекогаш има и добри идеи, ама тој не сака да ги стави во дејство, бидејќи ќе го обвинат за

сепаратизам! па и постојаност нема, та – се знае ли што има? ... покрај нив едвај движечкиот е оној, „што го мрзи да мисли“; тој пак со потонатите „филџаночи“, со пријатната насмевка – Господ да чува да имаш работа со него: таа маловажна персона смрди на подлост и злоба, тој е готов на сѐ, тој умира – и знаете зошто? па за слатката службичка бе брате!...

– Ами кој е оној со евангелие во рацете? тој треба да е добар човек – нели?

– Не брзај, читателу, тој е, како што гледаш „благочестив“ човек: тој уште не знае, што е добро и што е зло...

– За тоа го ставиле надѕирател, веројатно?

– Да, читателу, зашто во Цариград многу се одликувал во надѕирањето: во неговата соба давал засолниште на многу поубави...

– Што?

– Се срамам да ти кажам, читателу! Пансионерите подобро го знаат. И слава богу, што е така...

– Ами кои се и какви се тие, што влегоа сега и двајцата добро мустаклести!?

– Тие се предвесници на директоровото пристигање: едниот со театрална надворешност, како што го гледаш, но ... во неговата глава бумбари брмчат, другиот пак едно време беше инаков, сега е инаков, та утре ѓавол знае што ќе стане ... Тие двајцата господиновци би можеле да бидат сосема *инакви*, ако на овој свет го немаше пустиот страв, што тие го нарекуваат „благоразумие“. Ј'з'к за филологијата! ...

– Ја види, како сите ги наперија ушите!

– Директорот иде – внимавај сега!

– Чудна работа! Зошто директорот со едни се ракува љубезно, на други – само рака подава, трети – ниту ги погледнува?

– Првите се *привилегираните* северњаци, вторите се „*благоразумните*„ а третите, знаеш кои се третите? – тие се „*сепаратистите*".

– Зарем и оној, Чехот, е сепаратист? – тогаш јас не разбирам што е тоа сепаратизам:

– Стани учител во некое од егзархиските училишта особено во Солун, ако сакаш да го разбереш...

Колку што се однесува до *привилегираните* – веќе ни омрзна да се занимаваме со нив! ... Како „пионери на бугарската идеја", како храненици на Одделот и љубезни чеда на неговиот режим, раководен во Солун од Сарафов, на чиј режим тие се директни двигатели, или индиректни службители, шпионирајќи го овега-онега од неговите јавни или тајни противници, – тие се господари во Солунската гимназија и се слободни секојдневно да фрлат по некоја навреда на адреса на Македонците: „*ние ве храниме, храни куче да те лае, нема луѓе за работа*", и сл. и сл., – навреди, кои можат да излезат само од устата на расипаниот К'нчев, ограничениот со големи претензии Накович, глупакот Сарафов итн. итн. Во бројот на привилегираните тие – правеа исклучок (затоа ова година ги исклучија, ја!) Ах, pardon! ... за малку ќе го заборавевме д-р Иванов, кој сакајќи или несакајќи му служеше на Сарафов како шпион: исклучениот П. Арсов,[94] беше наклонет да му прости и при сиот стремеж да ги искриви во корист на Сарафов неговите зборови во однос на антисепаратистичкиот солунски конгрес и битолското предавство, ако тоа несреќно

[94] Петар Поп Арсов учителствувал во Солунската машка егзархиска гимназија во учебната 1893/94 учебна година. Но поради своето антиегзархиско настроение за престојната учебна година не добил работа.

човече, кое се претставуваше за пријател на Арсов не беше дало и два други одвратни факта: јавната агитација пред IV– класниците против еден омразен од него учител, и бесрамните тенденциозни забелешки кон поправките на истиот учител врз матурските писмени работи, за што Сарафов, кому Иванов му услужуваше и во тој случај, малку остана да не ги собере врз својата глава сите столови во учителската канцеларија...

Ами што претставуваат учениците?

Си признавам, дека не можеме одблизу да ги познаваме тие несреќници, кои се осудени да црпат мудрост од еден таков учителски персонал. Знаеме само дека минатата година учениците од горните класови побараа дозвола да си основаат едно ученичко друштво. Директорот Сарафов, не најде за потребно тоа барање на учениците дури да го претстави пред учит[елскиот] совет. Оваа година слушаме, дека господата надѕиратели во пансионот си имале свои шпиони – ученици. Ако е вистина, тоа ќе биде апотеоза за Стамболовштината! ... Tel maitre, tel valet, Слушаме уште дека Сарафов подготвил посебен правилник, кој веќе бил во сила и покрај сè, што не е утврден од Егзархијата. L‘ Etat c‘est moi. Да живее анархичната монархија!

Ни останува уште да фрлиме еден поглед врз Егзархијата воопшто и годинешните подвизи на Училиштниот оддел делумно, за да завршиме со предметот на статијата.

Познато е дека при крајот на минатата учебна година политичките работи во Бугарија претрпеа коренити промени: на 18 мај [1894] падна Стамболов.

Стамболов падна, но не и Стамболовштината! Таа живее уште и живее имено таму, каде кој знае дали се насира нејзиното постоење...

Додека во кнежеството се прогласија принципите на слободата и законитоста – во Македонија се вршат најголеми безобразија од Уч[илиштниот] Оддел, којшто за бугаромакедонците е тоа, како што за неговиот автор, Стамболов – *Азијатскиот департмент*. Занесени од внатрешните работи, на никому од заинтересираните не му остана време да фрли еден поглед кон Цариград. Лазаров токму си го беше уредил буџетското прашање, кога се слушна за Стамболовото паѓање. Претходното решавање на тоа буџетско прашање, неочекуваната промена на политичката ситуација, кое го привлече сето внимание на заинтересираните: преодната ситуација која настапи по 18 мај – сето тоа беше благопријатно за Лазаров и С-ie уште веднаш да покаже: како се лови риба во матна вода. Дали ќе ја лови и понатаму – ќе видиме. Па тогаш и ќе му ја мислиме...

По струполувањето на Стамболов, положбата на Лазаров се најде во дилема: или *да се прилепи кон Егзархот*, или пак *да си ја тера по старо*, та што ќе стане нека стане.

Според знаењата, што ги имаме, впрочем не од сигурен извор, Лазаров *се прилепил кон Егзархот*, според реалноста пак, режимот на Одделот се влошува, т.е., Лазаров не само што – *си ја тера по старо*, туку оди и понатаму.

Нашите податоци за Егзархијата гласат дека оваа година со училишните работи се задолжува еден совет, претседателствуван од Егзархот со членови: Лазаров, Шопов, П. Тилев, протосингелот на Егзархот и Егзархиски капуќехаја, којшто уште не знае, како луѓето, бугарски.

Кога ги имаме годинешните башибозуклуци по училишното дело во Македонија и *управниот систем*

*на Егзархот*, ако и горната околност излезе вистината, т.е. дека тие башибозуклуци се правени со знаење и согласност на Егзархот, – тогаш нема потреба да спомнуваме дека разликата меѓу Егзархот Јосиф и тиранинот Стамболов се состои само во расото и калимавката.

Впрочем, повторно признаваме дека за тоа прашање немаме точни податоци. Па дури ако излезе вистина дека Егзархот заграбил сè во своите раце, а притоа го шутнал Лазаров, тој засега може да се прекорува само за ќопавиот состав на советот, кој, впрочем, треба да се формира на брза рака, и кој ние нема да го одобриме, додека не се состави на еден *изборен* начин (Мирски совет!) – не по личниот вкус на Н[еговото] Блаженство, или кој ќе да е, – дури ако излезе вистина, велиме, дека Лазаров во сегашноста изгубил секое значење во Одделот, сепак сакаме да веруваме, дека тоа се случило откако Лазаров и К-ја побрзаа да ги завршат најважните работи за училишното дело, благодарение на претходно решеното буџетско прашање и матното време.

Ако е инаку – чувај, Боже, од полошо!

Впрочем, ако тригодишната практика му дала на Лазаров да разбере дека световната власт во туѓа држава е незамислива; ако дошол до убедувањето, дека во Турција само расото се почитува: тогаш воопшто нема да се чудиме, ако Егзархот се помирил со својот досегашен лут противник – Лазаров, притоа оставајќи го и понатаму да ја управува добро организираната езуитска команда, бидејќи по однос на македонските бугари, меѓу Лазаров и Егзархот *не постои принципиелна разлика*, зашто под бугарското небо сè е возможно...

Ние и друг пат сме имале можност да говориме за стремежот на Уч[илиштниот] Оддел да ја централизира во себе училиштната власт кога ќе ја одземе од Егзархот и ќе ги *оштргне* училиштата од Општините; истата цел по однос на училиштната власт ја гонеше и Егзархот преку верниот служител Хранов, како што самиот тој прави со црковната власт преку налагање на општините на свои претседатели, владици и сл.; така што меѓу Лазаров и Егзархот по прашањето за централизација на училиштната власт всушност не постои разлика.

Иако Лазаров едно кратко време ја покрена против себе бугаромакедонската интелигенција – тоа е зашто Егзархот е многу поиспечен во општествените работи, па помајсторски пипка, додека Лазаров се обиде на јуриш да ја спроведе конечно централизацијата на учил[иштната] власт преку секакви средства. А, тоа кај месната интелигенција предизвика најпрво *сомнеж*, потоа – *недоверба* кон Уч[илиштниот] Оддел и неговиот началник Лазаров, којшто слично на Донкихот со својот Санчо – К'нчев со крвожедна лутина се нафрли со целата џакатајска орда против создадените миражи: *сепаратизам* и *сепаратисти*.

А тие крстените од кум – К'нчев „*сепаратисти*" се сите интелигентни бугаромакедонци, чијшто „сепаратизам" се состои во тоа дека се против централизацијата на црковно-училиштната власт со други зборови: *тоа е една млада бугаромакедонска партија, која што ги заштитува самоуправувањето и старите права на бугаромакедонските општини.* И бидејќи таа партија гледа сила само во духовната власт која ќе може да ги држи „децентрализираните" општини, *таа ја држи нејзината страна со услов, сите чиновници во Егзархијата да бидат изборни.*

Причините кои нè тераат да ги заштитуваме самоуправувањето и старите права на бугаромакедонските општини се многу и разновидни:

а) Самоуправувањето дава живот на општините, притоа ги тера граѓаните поживо да се интересираат за народните работи, а потоа и училиштата, кои во таков случај стануваат крв од нивната крв и тело од нивното тело, па во даден момент нема да ги жалат жртвите, кои може да станат неопходни.

б) Општините во Македонија еден ден треба да бидат подготвени сами да се зафатат со поддршката на своите училишта, а тоа може да се случи само ако граѓаните се заинтересираат за тоа прашање – не како што е сега, за наш срам: почнеш ли да зборуваш со некого за училиштата, тој ти вели дека тоа е работа на Егзархот...

в) Партиите, кои во моментот ги имаат за основа личните интереси се беа зафатиле со многу поблагородни задачи – да конкурираат преку изнаоѓање на подобри извори за поддршка и унапредување на училиштата и народното образование воопшто.

г) Султанските закони изрично велат дека училиштата се под ресорот на надлежните општини кои за нив се одговорни пред власта. А, како може една општина да гарантира за училиштата во нејзиниот град, кога нема право да го контролира училишниот тек, кога не знае што се случува во тие училишта, кога директорот и учителите или директно, или со триста итрини се натрапуваат покрај волјата на општината?

И сл. и сл...

Во секој случај, тие животни прашања за бугаромакедонската општина требаше претходно добро да се обмислат од печатот.

А не, можеби, погодната централизација на училиштата во Стамболовската Бугарија некритички да се применува и во Султанска Македонија! Треба добро да се помни дека северниот бугарин има широко поле за да ја вежба својата општествена дејност, додека за Македонецот останува само училиштето и црквата. Ако и тоа му се одземе на македонскиот бугарин, тогаш, тој со сила се тера да се грижи само за своите лични интереси, кое и дивите ѕверови инстинктивно го прават. А Бугаринот воопшто и Македонецот особено има интерес од повозвишен интелектуално-морален полет, кој нашите „доброжелатели“ наместо да го потпомагаат, бараат севозможни средства за да го *сопрат*, сомневајќи се во најново време за некаков сепаратизам, а пред сè – се гледа, во нашата народност...

И потоа не се срамат да го обвинуваат Македонецот за материјализам, кон којшто сами го туркаат! Тоа е сосема природно, Господиновци! Вие убаво треба да знаете, дека живиот човек е *дејност*, која може да биде *возвишена*, ако за тоа помагаат околностите, или *ниска*, ако се ограничуваат тие околности. Одземете му го на човекот полето за дејност – тој е веќе мртов: така и нашата „љубезната“ Егзархија со своите два Оддела, кога се стреми да го одземе благородното поле за работа на нашите општини, преку својот – авторитет, сака да ги *умртви*, да ги *убие*! * ... На помош, сите чесни Македонци! Елате да ги спасиме општините што умираат во Македонија, со

* Па не само општините туку и сите други собирни институции Егзархијата се стреми да ги претвори во мртви трупови, за да ги разигрува како диви мечки, преку назначените претседатели од неа ...

што сакаат да не претворат во мртов труп за да си играат со нас, како што си сакаат, пак нашите наводно браќа! ... Грозно е братоубиството! ... Како баснословната птица феникс, бугарскиот народ воскресна

Солунскиот директор на гимназијата – Сарафов уште лани за *пансионската комисија* се изрази на следниот начин: „пансионската комисија не претставува особено важност – *таа служи за да ги воспитува граѓаните*" – значи таа е една формула од човечки цифри, еднаква на *нула*. Е, бај Маџанов и ти кир Алексиј Панчов, како ви изгледа вашето нула значење во комисијата, како ви се допаѓа мечкината улога што ја играте по диктовката на вашиот Сарафов ете втора година, посебно втората? Горки вие човечиња, уште не гледате, дека во комисијата сте прости нули: ако Сарафов може без вашите двајца другари, што му пречи да си ги тера работата и без вас? Зарем никој не знае, не гледа, дека Егзархијата може, треба, и е *должна* да *заповеда* на својот чиновник Сарафов да се *покори* пред законските одредби на Општината по прашањето за пансионската комисија? Или вие мислите дека во комисијата ве држат заради вашите црни очи? Вие, пријатели, сте една комедија, чија расврска ќе биде последното *алилуја* на пансионската комисија – ете затоа и самиот Егзарх од вас прави една осмислена анархија. Вие, господиновци, сами по себе не претставувате важност – толку разбирате од работите, затоа ви простуваме; па ако ви правиме чест – тоа е за да се разберат стремежите и дејствијата на Егзархијата и нејзините доверливи луѓе, на кои во дадениот случај вие несвесно им служите како ниски орудија.

Впрочем, да се разбереме. Не само комисијата туку и Солунската Општина е *нула* во очите на Егзархијата. Меѓутоа, додека солунската пансионска комисија заслужува најголем укор, Општината заслужува една пофалба: зашто Солунската Општина, можеби е единствената во цела Македонија, која доста јасно ја разбира својата задача, притоа, повеќе ценејќи ги желбите и интересите на своите избирачи, отколку неискрените „совети" на Егзархијата, каков што е следниот:

Додека Егзархијата од една страна му дава тајни инструкции на Сарафов да пречи преку севозможни празни умувања, или

по петстотини години, притоа не малку го восхити образованиот свет со својот доволно зрел поглед за општествените и за политичките прашања: тоа со гордост го кажува секој образован Бугарин. Но која

---

просто кажано – да не ја признава законски определената пансионска комисија од Општината додека таа престане да претендира врз тоа право, од друга страна – праќа „здравоживо" преку Мусевич, дека Сарафов добил приговор (!) за комисиското прашање: истата таа Егзархија во истото тоа време ја советува Општината да го реши тоа прашање, како што му е добро на Сарафов, т.е. незаконски! ...

Ем Сарафов крив, ем да се задоволи и покрај законите! ...

Каква е таа управија!?...

Тука сè излегува на јаве: Егзархијата чисто и просто сака да ѝ го одземе правото на Солунската општина да назначува пансионска комисија, но тоа не смее да го каже јавно и наеднаш да го изврши, бидејќи *молкум, арамиски* сака да го спроведе тоа страшилиште за бугаромакедонските општини, кое се нарекува *централизација* на училишната и црковната власт според која претседателите на општините, на епархиските совети, на учителските совети и на пансионските комисии се сè – *членовите се нули*. Со други зборови, според тој монархистички принцип, кој за среќа сè уште не е насекаде и наполно спроведен: *општинарите, па и нивните избирачи, т.е. народот и комисарите, и учителите се претвараат во мечки, кои ќе бидат разигрувани од Егзархот преку неговите: владици, архимандрити, директори и инспектори, кои, за забележување, сите се од североисточно Бугарско*...

Тоа што го утврдуваме, ние не го смукаме од своите прсти – ете факти (зарем и тоа треба да се докажува!):

1) Во Солунскиот пансион се случува бунт, учениците ја напуштаат гимназијата, се затвора целиот VII-и клас за 3-4 дена, а Учителскиот совет, освен претседателот Сарафов не знае ништо; се смируваат учениците, си доаѓаат во класот – и учителите преспокојно си влегуваат на урокот, како ништо и да не било: *директорот врши сè, а учителите се нули.!* ... Ако и не во истиот размер *учителите за советот се нули* и во Битола,

е причината за таа невообичена појава? Или нашиот народ има посебни Божји дарби? – Не: сè во тој свет си има пак свои *свеѿовни* причини – причината за таа наизглед исклучителна појава се состои главно во тоа,

---

Сер, Одрин, Скопје, каде лани, ако учителите не си беа дале оставки, Максим и К'нчев ќе пикнеа во пансионот еден ученик исклучен од Советот; приближно така е и во второстепените градови: Велес, Штип, Прилеп, каде триста нозе рипнаа додека го наметнат Рачева и сл ...

2) Максим отиде во Скопје, работи со еден епархиски совет чиј мандат одамна беше истечен (како Сарафов лани со пансионската комисија и покрај протестот на општината), а потоа наоѓа за „благословно" сам да ги тера епархиските работи, монархистички (исто како што Сарафов таа година си ги тера пансионските работи со една саката, преполовена комисија, без која впрочем – може, ако се беа *досеѿиле* Мацанов и Панчов!), во текот на една година, како што неговиот началник – Егзархот си ја тера од кога егзархува: *зашѿо членовиѿе во еѿархискиоѿ совеѿ се нули за Максим*;

Григориј Одрински му заповеда на својот гаваз со револвер да избрка од заседанието двајца ресенчани, бидејќи имале смелост да приговараат со поостри фрази на светиот владика по некакво општинско прашање – тоа е, *бидејќи оѿшѿинариѿе и совеѿ-нициѿе за Григориј се нули*;

*Такви нули се сиѿе оѿшѿинари за сиѿе оѿшѿински ѿреѿ-седаѿели назначени од Егзархоѿ, кои шѿо рабоѿаѿ ѿо негови инсѿрукции*, бидејќи:

**Мирскиот совет е голема нула за големиот претседател – Егзархот!**

Тука е местото да го свртиме вниманието кон еден мошне поучен факт, којшто, според нашето длабоко убедување, е резултат на споменатиот **нулта принцип,** т.е. резултат на пословичното *неѿочиѿување* на мислењето и советите на епархиските совети и опитните месни дејци воопшто: *„владициѿе ги очекувавме со енѿузијазам, но ѿие излегоа некадарни"*, – се слуша како кажуваат од секаде.

Се прашува, зошто владиците излегоа некадарни?

што нашите вековни господари никогаш не го задевале нашето општинско самоуправување: во општината нашиот народ бил слободен, макар *под грчки владици*, да размислува за поддршката и поставеноста на учи-

– Затоа што се изгуби она воодушевување, оној ентузијазам, што го тераше народот да се интересира за општествените работи, – одговараат сите, притоа, едни ги обвинуваат *некадарните* владици, а други – народот, кој, според нив, *го фрлил сиот товар врз своите многуочекувани пастири*.

Реално, нашиот народ уште не е дораснат до оној умствен и морален степен за да разбере дека човек, сам по себе, и цар да е, пак си останува едно жално суштество, кое не е кадарно ни за себе, па никако не треба да се чудиме дека тој во почетокот на владиците погледна како на таква сила, која сама ќе ги тера народните работи, од кое како последица се почувствува едно такво ослабнување во народот, кое впрочем не потраја долго време.

Но многуочекуваните пастири наместо да го осветлат своето паство, дека нивните царски берати едноставно се една формална свеченост на народните желби и дека всушност успехот на народните работи пак ќе зависи од живото учество на народот, – нашите *високопрвосвештенства* побрзаа да удрат слепо, да го искористат случајот, да ја злоупотребат простодушната доверба на своето паство, да заграбат сѐ, со други зборови: *владиците побрзаа да ја централизираат сета власт во своите раце*, притоа сосема *од високо* погледнаа на епархиските совети, кои за нив всушност се само *нули*, а навидум – владички тевабии; ги отфрлија советите на врелите и превриените во месните работи и услови дејци, сметајќи ги за понижувачки за нивниот владички авторитет, од коешто како последица: Григориј Арнаутски, пардон! – Охридски со револвер ги изгонил општинарите од заседание и не ги почитува решенијата на еп. Совет, со револвер го заплашува граѓанинот Точков и на истиот начин предизвикува ужас во куќата на Пармаков, бидејќи последниот се осмелил да му приговара на светиот владика, којшто, ѓавол да го знае! имал претензија на непогрешлив; а Максим Скопски оди и понатаму на униш-

лиштата, црквите, манастирите* и други народно-општествени прашања; тука во тоа свето гнездо, народот се воспитувал во општественост, во хуманизам, притоа на својот дух му давал повозвишен полет, престанувајќи да се грижи само за личниот

тување на епархискиот совет, притоа претпочита да управува една цела епархија со своето злобно ѓаконче и ги спроведува испитите во основното училиште со помош на полицијата, притоа бркајќи го преку своето ѓаконче на еден најбезобразен начин, без никаква причина, еден од класните учители, кој беше дошол да ги слушне одговорите на учениците. Да благодари веќе пословичното скопско ѓаконче на невините ученици, та учителот се задоволи само со зборовите: „вие сте полоши од грчките фанариоти"! Но кој се разбира од зборови! ... Максим?

* *Еден Прилепчанец (!) – веројатно бивш социјалист, а сега монархист К'нчев или директорот Рачев – ја советуваше Егзархијата* (в. „Новини") *да ги довери манастирите на свои луѓе!!* Резултатите од тоа владичко поведение не задоцнија: едни од граѓаните, поладнокрвните старци се тргнаа настрана, други, како Китанчев во Скопје, формираа силна опозиција, и *– владиците останаа сами.*

Наместо да се подзамислат пред тој факт, владиците се почувствуваа победници и кој знае дали не добиле по едно „браво" од Егзархот за свеченоста на неговиот монархистички принцип. Но таа „свеченост на нулите" не траеше долго. Максим, којшто на лево и на десно се фали, дека најдобро го разбирал духот на Егзарховата политика, веќе е на *дигање*, а Григориј – да благодари на охридското добродушие, кое тој го злоупотребува, но и трпението има крај...

Читателот ги гледа причините за праведното разочарување од владиците: *тие го игнорираат своето паство – тоа ги презира своите пастири*. Како последица на тоа владиците остануваат сами, а сам човек, и царски берати да има, пак е *некадарен*...

Дали верува Егзархот дека народот најпосле нема да дознае каде е злото? Од Скопје се слушаат гласови: *не сакаме да знаеме и за Егзархот*!...

материјален поминок; тука, во тој единствен наш парламент, се закрепнувал и се зачувал стариот словенски демократски дух на нашиот народ – основата на патријархалниот словенски совет.

И имено таа наша Општина – единствената народна институција, којшто ја зачувала нашата на-

---

Тоа не значи ли дека Скопјани намирисале, од каде произлегува злото? И тоа е подметнување на Китанчев, со кое се послужи Егзархот за да го изгони „сепаратистот“, „србофилот“, „Македонецот“– митрополитот Теодосија.

Тоа покажува дека владиците не само што се дискредитираат себеси пред своето паство, туку преку нив се разниша и верата во Егзархијата. Среќни Срби!...

Впрочем, Егзархијата треба час поскоро да ја воспостави довербата помеѓу владиците и нивната паства, меѓу самата неа и македонските бугари, ако сака, што и владиците да бидат *народни*, и таа да биде *народна бугарска Егзархија*, а не, како што е сега, – чиста *пропаганда*, од што како последица ниту Егзархијата верува во нас, ниту пак ние веруваме во неа. Каков зготен момент за пропагандите!...

Единствено средство за воспоставување на таа доверба е *Мирскиот совет*, којшто е најголема врска меѓу Егзархијата и народот: тој би ги сплотил општините со Егзархијата и заемно би ги запознал, а тоа би ги подбутнало општините кон најблагородна конкуренција.

Тежок грев ќе легне врз Егзархот, ако тој, уште оваа годниа, не преземе мерки за составување на Мирскиот совет.

Што се однесува до Велешкиот и до Неврокопскиот владика – тие уште се нови, за да се искажеме. Но бидејќи го имаме предвид *нулта принципот*, инспириран од Егзархот, чии што чиновници се владиците, не можеме да полагаме особено надежи и врз нив, и покрај сѐ што нивната дејност многу ќе зависи од нивните лични погледи; погледите на Авксентиј Велешки, како што го познаваме како претседател на Солунската Општина, и неговата соочувствителност, не доведоа до заклучокот дека тој ќе биде споредбено најдостојниот владика во Ма-

ционална и човечка физиономија низ петстогодишниот период, Егзархијата ги употребува сите средства да ја претвори во нула, да ја задуши, да го задуши народниот дух!!! ...

Може ли да има поголемо злосторство од тоа?

---

кедонија. Да се надеваме дека иднината нема да ни го промени убавото мнение и уважението, што си го спечалил Авксентиј пред своето паство.

Белешката и така ни стана долга, барем да направиме едно неопходно дополнување, да кажеме нешто за другата категорија егзархиски чиновници – директорите.

Тие феслии калуѓери близу 15 години беснеат во Македонија и се првите пионери на нулта централизаторскиот принцип. Тие особено подивеа по доаѓањето на нивниот диктатор Лазаров, со којшто, изгледа, Егзархот веќе се помирил, за да работат заедно против вообразениот сепаратизам!

Бидејќи не почитува никакви закони, Егзархијата многу оригинално се справува со своите феслии и калимавкалии калуѓери: таму каде фесот и калимавката се користат со еднаква доверба и може да ги стави (Егз.) во согласност, се добива една *ѓруӣа*, во која преовладува или фесот или калимавката, на пр., старата солунска група Начов – Григориј, или Софрониј – Х. Иванов од Одрин, на којашто чудесиите се опишуват во „*Гл[ас] М[акедонски]*", или славната Лазарова група Наследников – Неофит во Битола; каде пак тоа не може, се претпочита или само фесот или само калимавката: при ланскиот дуализам во Солун, Егзархот, беше благонаклонет кон Авксентиј, а Лазаров секогаш го крепеше Сарафов; оваа година, бидејќи калимавката ја имала несреќата да ја носи Македонец, Егзархијата сета благонаклонетост ја излеа кон Сарафов.

Појасно кажано: за Егзархијата Општините се такви *нули*, што таа често ги потчинува на световни лица – директорите, следствено од тоа се проѕира еден стремеж на Егзархијата да ги помине директорите како *ӣо ӣраво* за членови на општините. Доволно директорот да е поблагонадежен за Егзархијата, таа не сопира пред никакви средства за да го слее општинскиот претседател преку потчинување со директорот, којшто на

– Кој ти ги извади очите?

– Брат ми.

– Затоа така длабоко ти ги извртел!

– Токму така е и нашата ситуација: ни даваат пари за да не убијат... По ѓаволите тие пари, ако

---

таков начин станува фактички господар на општината; ако тоа не може, на Егзархијата ништо не ѝ пречи најцинично да не ја почитува општината при што за нејзина сметка дава најголеми аванси на директорот: инаку не можат да се објаснат Егзарховите *безобразија* по прашањето на солунската пансионска комисија ( Се гледа, Егзархот на Солунската Општина гледа, како што гледаше на скопската во времето на Теодосија, чијашто кореспонденција се испраќаше преку благонадежниот Наследников!!! ...). Впрочем за подобра илустрација, да видиме што претставува солунскиот директор Сарафов, за кого се обложуваме, дека работата ќе му излезе Скопска ... Исто како Максим започна и Сарафов, исто како него продолжува, па зошто да не заклучиме, дека како него ќе заврши? „Централизација, јас сакам централизација!" викаше Максим. Истото го вика и го прави Сарафов: тој, се разбира, по инструкции се стреми да биде *се* и *сешто* во Солун, да биде „раководител" на бугарските работи: *женската гимназија*, за којашто лани водеше толку *компании*, ова година му ја поклонија, *неделното училиште*, за коешто исклучи двајца учители Л. Димитров и Ачков, прави чини, најпосле, ова година, кој знае како, го измами општинскиот претседател и го „централизира", но затоа пак силно се намали бројот на учениците во однос спрема лани; *женското друштво* – тоа не чини, се гледа, бидејќи жена му не е поканета за претседателка, та затоа не бива да се запише и како член!...

Кога ќе ја додадете уште и историјата на *пансионската комисија*, лесно може да си објасните, каква може да биде ситуацијата на Сарафов спрема граѓаните, чисто презирање, тој најдобро почувствува при годинешниот ученички бунт, кога не можеше да побара поткрепа во никој па речиси буквално беше принуден да ги задоволи учениците.

Никогаш разбунтуваните ученици не биле така задоволени. Тоа е единствен, можеби, првиот и последниот случај во историјата

нашите општини, убивајќи ги, уште и не ни веруваат, туку им натрапуваат севозможни претседатели, владици, директори, учители и сл., *за да ги контролирале* (?!) *сумите* – единствениот мотив на *бугарската* пропаганда! ... Да, *бугарска пропаганда*!

на ученичките бунтови!. Ние би го пофалиле г. Сарафов, ако таа великодушна остапка не беше од немајкаде. Нам меѓутоа ни прави впечаток тој факт, бидејќи е чиста максимовштина: „јас", „централизација", „ќе докажам" и сл. се фали и се перчи Максим, додека го нагнат Китанчевите скопјани и му свикат „долу!" и го гледаш – клекнал. Така и Сарафов: „началството си има свои сметки", „граѓаните немаат работа со нас", „немам доверба во некои комисари", „не ја прифаќам определената комисија од Општината", „ако надѕирателот не дозволи, ученикот во гаќите да ..., ...!", „јас сум правилник", и сл. и сл., но кога го нагнаа учениците да го промени правилникот, бидејќи тој можел да дава „свој", граѓаните си останаа набљудувачи кои го осудуваа, Сарафов ја шашардиса пусулата и сосема *клекна*; учениците демонстративно му се смејат, а тој блед ги прашува: *зошто му се смеале*? ...

– Затоа што вие, г. Сарафов, и по *мисија* и по својот умствено – морален багаж, сте *побратим* на Максим, којшто веќе станува невозможен за Скопје...

Но, тука најпосле, возможно е да се скокнат оние, кои знаат само да фрлаат хули и обвиненија врз македонскиот бугарин, па да ни свикаат? „вие, Македонците, сте подлеци, багабонти, интриганти, сепаратисти, – вие не вредите, затоа не ви се допаѓа ниту митрополитот Максим, ниту г. Сарафов, ниту...! Сите знаеме, дека Максим е човек едвај ли не со славно минато, па и минатото на г. Сарафов не е лошо – како така да не ви се допаѓаат? што сакате вие?"

На такво гневно прашање ние совршено спокојно би одговориле, дека секој човек си има свое поприште: оставете го Максима да проповеда во црквата, а Сарафов – да си работи во канцеларијата, тогаш – и Максим ќе си биде добар, и Сарафов – арен. *Виши* чиновници на монархискиот режим, особено на Егзархијата, можат да бидат само луѓе со цврст, самостоен

Тука може некој патриот, кај кого патриотизмот се претворил во шовинизам, та му го убил ладното расудување, – таков некој господин возможно е да ни го постави, слично на г. д-р Данев, следното прашање:

– Како може да се обвинува Егзархијата за такво големо злосторство, пред кое и анархизмот би се замислил, – убиец на еден голем дел од бугарскиот народ: нели таа Егзархија е бугарска?

Наместо одговор на едно такво прашање, кое, впрочем, разбраниот читател никогаш не би го поставил, ние ќе поставиме едно друго прашање:

– Стамболов и неговата влада и неговите жандарми и шпионите беа Бугари: зашто речиси едно-

---

карактер, или пак луѓе соодветни, на коишто „умот им раѓа“ – квалитети, коишто недостасуваат во *суетниот* карактер на дедо Максим и г. Сарафов, родени за да *исполнуваат* туѓи заповеди, но *не и самите тие да заповедаат*, како што ги задолжува високата служба.

Монархискиот режим е режим на тиранијата и се крепи врз полицијата, војската и топовите, – средства, коишто, ѝ недостасуваат на Егзаријата, последица, којашто за *несреќа* на потпорите на Егзархискиот монархиски режим се сите оние средства што *„ја оправдуваат нејзината цел“*: лагата, мудроста, лицемерието, интригата, подлоста, нахалството, злобата, предавствата, грубоста и сл. и сл., коишто ја изразуваат вистинската психолошка слика на Егзархијата со двата нејзини Оддела. Бившиот канцелариски работник Сарафов и проповедникот Максим допрва ги учат горните искуства од ѓакончето Шарапчиев и подлиот Цинцар Наумов, па, како на новајлии, лесно се ловат престапните дејствија на тие несреќни виши чиновници на гнилиот и *предавнички* егзархиски режим. Но куриозното е, што тие *бономи*, кога мрдаат, како гуски во магла, во туѓо за нив поприште, не ја гледаат својата некадарност, па кај луѓето предизвикуваат повеќе сожалување, отколку смеа.

Егзархијата да им ги бере гревовите.

гласно го нарекуваат тиранин, ѕвер, крвопиец и по неговото паѓање бугарскиот народ слободно воздивна па весело запеа:

„Стамболов го нема веќе ...

Долу Стамболов!“?

Впрочем, тој одговор, можеби, не ќе ги задоволи сите, бидејќи има и „Стамболовисти“, кои би ни потфрлиле, дека ние едноставно од партизанштина сме против Егзархијата.

За да го отфрлиме и тој неправеден укор, ние го свртуваме вниманието врз следното:

Секој *посакува* да биде добар и корисен за да заслужи почит од своите сотатковинци, но не секој *може* да ја постигне таа највисока психичка наслада во земниот живот на човекот, бидејќи егоизмот и други многустрани и многу важни услови му пречат на човекот да биде добар и корисен за своите ближни: впрочем, ние не го одрекуваме *стремежот* да биде корисен на својот народ ниту на Стамболов, ниту на Кромвел,[95] Тропман, кардиналот Ришеље,[96] ниту пак

---

95 Оливер Кромвел (1599-1658). Истакнат деец во Англиската буржоаска револуција (1640-1660), противник на англиската црква и на кралскиот апсолутизам, заштитник на интересите на буржоазијата. Како лорд протектор (1653) на Англија, Шкотска и Ирска ја заграбил сета власт во свои раце и воспосатвил воена диктатура. Неговата внатрешна и надворешна политика е потчинета на интересите на крупната буржоазијата за утврдување на Англија како поморска и колонијална сила.

96 Ришеље, Арман Жан де Плеси (1585-1642), Француски државен деец, претставник на апсолутизмот. Од 1622 година е кардинал. Како шеф на кралскиот совет ја концентрирал во свои раце државната управа. Ги ограничил правата и ја зацврстил кралската власт. Го поттикнувал развојот на трговијата и мануфактурата и ја насочил француската политика кон завладување на нови пазари и колонии. Во својот „Политички завет“ ги изложил принципите на апсолутизмот.

на егзархот Јосиф I. Но од „сакам" до „можам" има разлика, колку меѓу небото и земјата: лесно е да посакуваш, помачно е да *можеш*, бидејќи можењето е сврзано со поголем труд, а човекот природно е наклонет кон леснотијата – ако види, дека луѓето некритички го слушаат, тој, во повеќето случаи, започнува да дава само заповеди: така се раѓа *монархистичкото управување*, коешто се разликува од онаа монархија, каде, поради леснотијата за управување, се наметнува преку грубата сила и се нарекува *диктатура*, како Стамболовата во Бугарија.

Имајќи ја на ум горната ситуација, кога ќе јаземеме предвид и жалната слика што претставуваше Македонија околу осумдесеттата година кога Егзархијата доби поголемо значење, а нашата татковина заприлега на еден истискан лимон, којшто, впрочем „не беше за фрлање", имено, дека голем дел од месната интелигенција ја напушти земјата, при што останаа само оние стари дејци, кои со простодушието и својата доверливост, не допуштаа дека Св. наша Егзархија, како човечка институција, може намерно или ненамерно да се заблудува по некои прашања, па ја *слушаа* без никаква критика: сосема јасно станува, како лека-полека се замати и се воздигна во цел систем егзархиското монархистичко управување кое во најново време со испраќањето на владиците и наметнувањето на Лазаров се видоизмени во *диктатура.*

И така, околностите, при кои егзархиската власт доби многу поголемо значење за Македонија од претходно, така се поставија, што Егзархот при сето *настојување* кое по принцип не можеме да го одречеме ниту на великите народни тирани, *не можеше* да не го поткачи најлесното од сите управувања – монар-

хистичкото, кое молкум си следуваше до испраќањето на владиците (т.е. во периодот на архимандритите и директорите) и на коешто кој знае кога ќе го почувствувавме отровното осило, да не се појавеше посебно Лазаров со својата анархистичка диктатура, која го сврте вниманието на бугаромакедонската интелигенција, та започна критички да гледа и врз дејноста на Егзархот и неговите владици.

Но, како што погоре докажавме, монархистичкото управување, диктатурата, или – *централизацијата на власта, убивајќи ги општините, го задушува народниот дух на македонските бугари,* за кои останува само црковноучилиштното поле преку кое можат да се развиваат и увежбуваат и во *други* повозвишени прашања.

Лазаров, Егзархот и нивните директори, архимандрити и владици, воопшто – Егзархијата дали не го гледа големото зло, кое го прави на еден голем дел од бугарскиот народ?

Гледа, како не гледа! Но, Егзархијата сето тоа го прави смислено со однапред определена цел ...

И тоа е грозното!

Да беше поинаку, при сè, што на официјални и дури неофицијални општествени дејци (Егзархијата е Егзархот, всушност) не можат лесно да се простат нивните грешки, бидејќи тие се големи и по себе влечат опасни последици за цел еден народ, сепак ние би го обвиниле Н[еговото] Блаженство за начинот на неговото управување и испраќањето на владиците, бидејќи вината повеќе е во опаките околности,* при

* Од една страна недостаток на месна интелигенција, која се проретчи со емигрирањето, а од друга – ненормалната правна положба на Егзаријата.

кои дури сме наклонети да признаеме дека не беше возможно друго управување: Н[еговото] Блаженство имаше потреба од поголемо спокојство во внатрешното управување за да му остане време да работи за владичките берати и закрепнување на расклатаниот егзархиски престол.

Но со испраќањето на владиците Егзархијата доволно се закрепи (макар што и порано не ја загрозуваше богзнае каква опасност – не така лесно се одземаат еднаш дадените права, особено во Турција, каде најмногу се почитуваат наредбите на Султаните), та Н[еговото] Блаженство имаше време и беше должен да обрне внимание и врз големите недостатоци на опакото внатрешно управување, кое не еднаш се посочуваше од печатот. А Егзархот, што не го направи тоа, туку со една нечуена нахалност оди по стариот веќе калпав пат без да обраќа внимание врз интересите на македонските бугари и потребите на новото време: тој ни испраќа владици, а каде нема такви – архимандрити и директори со посебни инструкции, при што сите заедно сочинуваат една *калуѓерска диктатура*...

Впрочем, што ја тера Егзархијата да спроведува еден *убиствен режим* спрема македонските бугари?

Одговорот на тоа прашање се состои во *недовербата на Егзархијата спрема македонските бугари*, како резултат на што:

Егзархијата ги *доверува* најважните служби сѐ во рацете на северни бугари: владици, архимандрити, директори, инспектори, првостепени учители, деловодители, редактори, и сл. и сл., а ги *гони* од егзархиска служба совесните Македонци против кои се применуваат сите дозволени и недозволени средства за да излезат надвор од својата татковина, каде во

повеќето случаи за жал ја заборавaат потесната татковина која има потреба од нив.

Со тоа нашата „народна“ Егзархија *совршено свесно* се стреми да го убие секое посамостојно движење во нас, да ја одземе секоја можност да се занимава Македонецот со повозвишени општествени прашања, та на тој начин, мисли „народната“, да го постави народниот бугаромакедонски дух во полна зависност од неа, да го огради како пиле во кафез, за да располага со него како што ќе ѝ биде угодно во еден даден судбоносен момент; да нè окова во пранги за да нè разигрува, како мечка, и да нè води таму, од каде добива голем бакшиш ... Но, тука имено испакнува големата грешка на Егзархијата.

Независно од тоа што прашањето за „судбосниот момент“ не може да се предвиди при какви услови ќе настапи, и што целиот тој момент изискува не „дух во кафез“, не „окован во пранги“, туку сосема спротивното; независно од тоа, дека македонските бугари со ништо не дале повод да ја изгубат довербата на Егзархијата, којашто, пред сè, е должна со нив да се однесува како со луѓе, бидејќи на овој свет постои честољубие (бугарски инает), коешто разни „честољупци“ можат да го „експлоатираат“, – со оваа линија на однесување спрема бугаромакедонците Егзархијата одеднаш прави неколку капитални грешки: спрема човештината, спрема христијанството, спрема голем дел Бугари, спрема бугарштината, воопшто – спрема *бугарската идеја*.

Како што едно пиле, кое долго време поминало во кафез ако случајно избега, не може да лета и лесно станува храна за јастребот: исто така и еден народ, што не се увежбува во народноопштествени прашања, станува пљачка на посилниот непријател. Тука се

крие тајната на оној историски закон, според којшто дивите народи се претопуваат во културните малцинства. А нашите непријатели се многу. Силата на монархистичкиот егзархиски режим не е ниту во полицијата, ниту во војската, следствено, таа сила може да биде во *йарийе*, или пак во *авйорийейой*, како духовна институција.

1) Ќе може ли, впрочем, Егзархијата да го зачува „кафезот со бугаромакедонскиот дух“ до и во „судбоносниот момент“ од многубројните непријатели со помош на парите?

– Здравиот разум и фактите покажуваат дека не може. Народот, што е одвикнат да се занимава со општествени прашања, всушност, не е народ, туку еден збир од одделни индивидиуми, коишто се грижат само за личниот материјален поминок, бидејќи како што и на друго место кажавме, штом на човек му се одземе полето за повозвишена општествена дејност, тој се претвора во едно човекослично животно, коешто со помош на материјата *секој* може да го *йримамува кон себе.* Ете по тој материјалистички пат Егзархијата го турка и нашиот народ оди, та Србите, чиишто учители во 40-та година се претворија во бугарски дејци, Србите, коишто во 70-та година претрпеа фијаско, – истите Срби денес во епохата на владиците, архимандритите, директорите, и сл. прават успех во Македонија, а Егзархот офка ли офка и седнал па се чуди, што да прави со оние што му изјавуваат: „или учител, или ќе се откажеме од Егзархијата“, со други зборови кажано: „дај ми пари да се чинам Бугарин“..., И Егзархијата дава пари и купува – ветер, зашто: *народносй со йари не се куйува* – тоа е такво деликатно нешто, кое, штом почувствува дека го пазарат, се изветрува. Народноста, како идеја,

може да постои само во луѓе, коишто се воодушевуваат од повисоки идеи, воопшто. Што сакате, впрочем, од куклите, коишто ги создава егзархискиот режим? Со нив ќе си игра секој, што го знае нивниот прост механизам – чкембето!...

И така, начелото, според кое во Турција можеш да правиш сè „стига да ти играат прстите“, излегува сосема неприфатливо при монархистичкиот егзархиски режим, којшто ги *претвора* Македонците во извонредна *храна* за Србите и другите пропаганди. Да бев српски крал, би му закачил медал на бугарскиот Егзарх!...

2) Останува да го разгледаме второто средство врз кое може да се потпира монархистичкиот режим на Егзархијата:

Може ли Егзархијата да се издигне себеси до степен на еден *авторитет*, пред кој македонскиот Бугарин ќе гувее, слично на средновековното папство, пред кое што се клањаше сè на Запад?

– Вистина е дека во културен однос бугарскиот народ не стои многу погоре од средновековните западни народи, но условот, кој е неопходен за еден духовен авторитет, – мистицизмот, за голема жалост на Св[етата] ни Егзархија недостасува. Дури повеќе. Кај нашиот народ отсуствува и обичната побожност: нашите селани и граѓани одат в црква, се клањаат и се крстат по предание – верата во нив *мертва есть*. Колку пак што се однесува до духовенството, благодарение на Фенер, тоа го загубило секое уважение кај Бугаринот: сонуваш ли поп – ѓавол е, – ти толкува тој; те сретне ли поп кога започнуваш нова работа – врати се, – ти советува Бугаринот; најгадните улоги во народните приказни ги играат духовни лица. Ами бугарскиот народ зошто не ја чувствува шизмата – тој

голем факт дали не покажува дека бугарскиот народ е безразличен кон религиозните прашања?

При тие услови дали е можен еден духовен авторитет?

А пак за „културното предимство“ на северните бугари со кое сакаат да се пофалат дури наводно образовани луѓе – доктори; за „респектот“ на Македонците спрема тоа предимство, – смешно е и да се говори, бидејќи простиот бугаромакедонец го мисли токму спротивното, при што своите северни браќа непромислено ги нарекува – *шойи*!

Впрочем, Монархистичкото управување на Егзархијата, со сите *бугарски айрибуйи*, од која страна да го погледнеш, не издржа критика.

Ако не е така – нека ни се докаже. Горните размислувања имаат за цел да го посочат значењето и влијанието на Егзархискиот режим врз бугаромакедонците воопшто и да ги покажат резултатите од тој начин на дејствување, кои се спротивни и на човештината, и на Христијанството, и на *самайа цел*, што ја гони Егзархијата.

Колку што се однесува до месната интелегенција – таа веќе не е, со мали исклучоци, онаа простодушна интелигенција, која се крстеше во непогрешливоста на Егзархијата. При сите мерки против подостојните синови како Китанчев, Методиј Кусев и многу други, во Македонија сепак се наоѓаат луѓе, кои не ќе ја остават Егзархијата, да си игра со цел еден народ по својот ќеиф. Средните векови, кога духовната власт се сметаше за неприкосновена и имаше претензија да се бори против природните стихии и опашестите ѕвезди, кои се движат по сите закони на природата, – одамна се минато за бугаромакедонската интелигенција, како и за бугарската воопшто. Стра-

вот од пеколот за неа веќе не постои, бидејќи таа длабоко е убедена дека имено Егзархијата со својот средновековен режим е за во тој пекол...

Воопшто, од досегашната дејност, а особено од дејноста во последните 5-6 години (владичкиот период), ние извлекуваме заклучок, дека Егзархот е *еднострaнчив патриот*. Тој ги жртвува интересите на една половина за интересите на друга бугарска половина, а тоа е неприродно, како последица на што страдаат и двете половини: едната материјално, другата морално – резултатот е *општа загуба*.

Кога ги имаме предвид неоспорните дипломатски способности на Н[еговото] Блаженство, претполагајќи, дека по однос на внатрешното управување, тој, како човек е заблуден, особено во најново време, од луѓе, кои имааа и имаат интерес да го заблудуваат, кај нас уште светка надеж дека Егзархот не ќе остане само со желбата која сама по себе не чини пари, туку ќе *може* да стане и вистински патриот, ќе се сообрази со духот на времето и интересите на онаа земја, за која седи во Цариград. Во секој случај *блиската* иднина ќе покаже каде е историското место на Н[еговото] Блаженство: дали во ликот на Климент Охридски, Патријархот Евтимиј Трновски и др. или пак во ликот на Кромвел, кардинал Ришелје, Стамболов и др. големи народни преспивачи и тирани.

Самиот нека си избира.

А, слична дилема стои и пред бугаромакедонската интелигенција, која, како што посочивме, не помалку е виновна за грешниот пат на Егзархот, и врз која лежи најголемата одговорност; таа одговорност уште потешко ќе легне врз нашата совест, ако Егзархот не разбира од збор, а ние продолжиме да чекаме да дојде некој од Кина, та да ни ги исправи работите. Пред нас стои дилемата:

„Да станеме луѓе или да тргнеме со посмели чекори по патот на еврејскиот материјализам".

Едно од двете.

Разгледувајќи го монархистичкиот егзархиски режим, ние го најдовме за неприфатлив дури од гледна точка на самата Егзархија. Впрочем, ако во Егзархијата е останато барем капка здрав разум, таа час поскоро треба да се прости со тој тирански разрушувачки режим и да прифати една почовечка и целесообразна управа. А, каква имено треба да биде таа управа, нема потреба ние да посочуваме, бидејќи уште во 1871 година многу убаво ја определил првиот *Народен собир* „од претставници од цела Бугарија и Македонија" во *Органскиот Устав на Бугарската Егзархија*, основана врз „демократски начела" ( С. С. Боблевъ, Б. С. , кн. II. 94.г.), собразно демократскиот дух на бугарскиот народ.

Од кажаното излегува дека монархистичкиот егзархиски режим, освен што е неприфатлив, глупав, бесчовечен, нехристијански и предавнички, туку тој е *незаконски*: бугарскиот народ преку своите претставници воспоставил *демократско* управување, а Егзархијата управува *монархистички*; во Егзархискиот устав е предвиден *Мирски совет*, а Н[еговото] Блаженство не сака ни да слушне за таа *голема општина*, со којашто бугарското претставништво го *задолжило* да ги управува црковните и главно училишните работи. Злото што произлегува од игнорирањето на таа голема општина, наречена Мирски Совет при Егзархијата, не се искажува со зборови: ако бесконечните бранувања во Скопје, предавството во Битола, беззаконијата во Солун, дивотиите на Григориј во Охрид, скандалите на Софронија – Х. Иванов во Одрин и сл. и сл. се резултат како што на друго

место кажавме од непочитувањето на респективните општини, – тогаш изворот на *сиѿе* тие зла се состои во отсуството на Мирскиот совет, како последица на кое Егзархот си управува како што му диктира неговиот ум, т.е. монархистички, та во Македонските црковно – училиштни работи создал таков хаос, од кој и самиот тој, Егзархот, не ќе може да исплива, ако не побрза да ги преземе потребните мерки.

Според нас, само Мирскиот Совет би можел да ги извади нашите црковно-училиштни работи од таквата хаотична положба. Врховниот Мирски Совет би ставил крај на предавничкиот монархистички режим и почеток на демократското управување согласно Егзархискиот Устав, кој веќе треба да воскресне од мртвите по неговото 23-годишно престојување под миндерот. Мирскиот Совет, бидејќи по својата суштина е спротивен на монархијата, убивајќи го сегашниот режим, најблаготворно би подејствувал врз општините. Формирањето на Мирскиот Совет би предизвикало едно плодоносно движење, како резултат на кое би било блиското заемно запознавање на општините, кое пак по себе ја влече идејата за благородна конкуренција: наместо, како што е сега, да се натпреваруваат општините, која да удари поголема помош од Егзархијата, – та заемно најдобро би се укорувале за тие понижувачки помошти;* наместо сегашниот застој, раскапаност, апатија кон општест-

* А во таков случај Прилепската општина не би го продавала своето достоинство за еден директор, како што направи оваа година; во Велес некои господиновци за да добијат на општинските избори не би смееле да се препорачуваат со тоа дека ќе издејствувале поголема помош од Егзархијата, како што правеле пред некоја година, бидејќи тоа би се сметало за по-

вените прашања, би се појавил еден живот, сличен на пролетното разбудување; наместо недовербата, којашто од ден на ден расте, меѓу Егзархијата и Општините би се родила доверба, која е толку неопходна при сегашната критична положба и сл.

Впрочем, напред!

Девиза на секој чесен Македонец нека биде, пред сè, *Мирскиот Совет*, со чие формирање се решава прашањето за општинското самоуправување, како и востановувањето и дополнувањето на Егзархиските правилници, кои ги определуваат правата и должностите на сите и секого: да се знае, кој е кум и кој – старејко; што е Мирски Совет, Егзархија, Синод, Егзарх, општина, епархиски совет, владика, општински претседател, пансионска комисија, и што е: директор, инспектор, учител, гаваз, слуга; што е училиштно и што црковно настојателство и сл. и сл.

Само строгата законитост вдахнува почит, респект, а не фалшливите салтанати со скапи пајтони, атови, скапо облечени гавази, шарлатанство, лагата, беззаконието, грубоста, предавството, подлоста, развратот и сл. и сл. пороци кои од Егзархијата, а особено од Уч[илиштниот] Оддел се сметаат за доблести.

Сите оние, кои искрено сакаат да се зачува бугаромакедонската чест: енергичните младинци, стари-

нижување на градот; штипјани не би ги држале затворени класовите, додека Егзархијата не им го испрати ветениот директор, туку би се потрудиле да најдат извори сами да го издржуваат својот директор. Такви извори ги има и Штип, и Велес, и Прилеп, па и Охрид, Битола, Скопје, и сл., но остануваат неразработени зошто има кој да дава! До кога ќе бидеме *храненици*? Нема ли еден ден *пак* да стапнеме на сопствените нозе? Или уште ќе ползиме! ...

те трудбеници, чесните граѓани, – сите ние ги каниме со посредство на општините час поскоро да му изјавиме на Егзархот за формирање на Мирскиот Совет и за востановување на Егзархискиот устав. Во овој момент должност на општините е да влезат во заемно разбирање по тоа прашање од првостепено значење, ако не сакаат да бидат одговорни пред потомството и историјата. А на интелигенцијата ѝ препорачуваме внимание и трескава дејност...

Сѐ што е нечесно, што е сервилно, подло, што се клања за слатката службичка, што повеќе го интересира војната меѓу Кина и Јапонија, отколку потребите на неговата татковина, – сета таа предавничка толпа – надвор!

Нека тој џган да го крепи, ако може, средновековниот егзархов режим со неговите столбови: Лазаровци, Максимовци, Сарафовци, Григориевци, Наследниковци, К'нчевци, Х. Ивановци, Софрониевци, и слични расипници, кои ќе останат во Македонија, додека совршено ги растрчаат нашите работи, па ќе си ја дувнат, бидејќи немаат природни врски кои ќе ги задржат во земјата, како последица на што тие низ прсти гледаат на сите сплетки и ненормалности за црковно-училиштното дело во нашата татковина. Тие дошле во Македонија или привремено, или пак за скапите плати, поради што дури не се трудат да се запознаат по одблизу со месните услови, па работат како некои донкихоти.[97] Силно поддржувани од началството и скапо плаќани, тие тука наоѓаат широко поле за бугарскиот инает...

---

[97] (Don Quijote) – Дон Кихот, личност во истоимениот сатиричен роман од шпанскиот поет Мигуел Сервантес. Се работи за авантуристички тип, занесеник, настроен кон луди подвизи.

Бидејќи повеќе се распростревме врз Егзархискиот режим воопшто, ние тука се гледаме принудени да се ограничиме само со еден општ поглед врз годинешните башибозуклуци на Уч[илиштниот] Оддел – главниот предмет на нашата статија. Ако некому не му се допаѓа нашиот „поглед" уште отсега го каниме да повели и го оспори. Тоа ќе ни направи задоволство, бидејќи ќе ни се даде повод да извадиме на видело уште не малку интересни факти. Имајќи ги предвид годинешните башибозуклуци по училиштното дело, општиот впечаток, којшто го прави Уч[илиштниот] Оддел при Егзархијата, е таков, што *никогаш Одделот не се напнувал до таков степен да се постави над волјата над општото мнение, како оваа година*: предавниците, развратниците, шарлатаните, подлеците, од кои и нивните пријатели се одвраќаат со презир, Одделот ги задржа и ги унапреди во нивните служби, додека поборниците за законитоста, правдата и слободата или беа принудени да си подадат оставки, или беа онеправдани преку понижување и преместување, или пак ги отпуштија.

Од Одрин па до Скопје нема град каде оваа година Одделот не изврши неколку диви беззаконија.

Во тој однос Солун држи прво место. Ако не е така, нека повели бај Сарафов, по чија препорака и настојување се вршени безобразијата, па нека ја „осветли" публиката... Ние чекаме, ако ќе би ... ланскиот дуел, предлаган од П. Арсов!

А што да кажеме за дивото непочитување на интересите на училиштната литература кај нас од страна на Одделот, благодарение на животинскиот инстинкт – да се сосипе еден противник. И покрај минатогодишното „Окружно" со кое известуваше дека на општините веќе нема да им дава подароци,

Одделот, за да ѝ наштети на Х. Николовата книжарница,[98] го погази сѐ уште своето пресно окружно и им даде најголеми подароци на општините од книжарницата на Самарџиев[99] со што индиректно ги принуди да ги купат и останатите ним потребни учебници од истата книжарница, а на учителските совети им го одзеде правото да избираат учебници. Се гледа за поголема сигурност, Одделот издаде и еден „Список", во којшто се препорачуваат сите изданија и книги на Самарџиевата книжарница, додека Х. Николовите заземат едно несреќно ќошенце.

Како Х. Николовата книжарница да е нихилистичка!

Ние пак на сет глас се провикаме, дека **Уч. Оддел е една разбојничка чета!**

А ете што вели К'нчев:

„Јас сум дошол до убедување, дека секое нешто, за да напредува, еднаш треба да дојде до крајно разлагање, да претрпи една криза. Земете ја за пр. Бугарија. Таму требаше еден Стамболовски режим, којшто ги испроба сите крајности на тиранијата, варварството, за да дојде до една полегална влада, каква што е сегашната. Истото е тука – делото се наоѓа во една криза, меѓутоа таа криза не е безиз-

[98] Иван Хаџи Николов, (1861-1934). Еден од основоположниците на МРО и член на Централниот комитет. Во тоа време поседувал книжарница во Солун и се занимавал со издаваштво. Бидејќи МРО истапила против егзархиската просветна политика во Македонија, неговите изданија не биле прифатливи за егзархиските училишта во Македонија.

[99] Самарџиев (Константин) Коне, (1864-1912). Родум од Прилеп, книжар и издавач. Бил проегзархиски ориентиран, поради што неговите изданија биле протежирани во егзархиските училишта во Македонија.

лезна. Жално е само што тукашните луѓе, месните интелигентни сили наместо во печатот да свртуваат внимание врз многу поважни прашања, наместо да се грижат да го барат лекот против злото, тие се занимаваат со личности"...

Излишни се коментарите врз горната исповед на К'нчев во една солунска гостилница, каде тој морал го читаше спрема еден „сепаратист", разговарајќи на *високо* со својот пријател г. Петров.

Дали мисли, меѓутоа, тој злобен шарлатан дека луѓето не ја знаат неговата улога: познат како знаком со Македонија и јавен противник на Егзархот.

– К'нчев стана десна рака на Лазаров и на неговиот режим којшто имаше потреба од слични луѓе, кои го доведе „делото во една криза" според сопствените зборови на тоа гнасно слаткозборно-итролукаво суштество, кое сопствените гревови сака да ги испира на сметка на Лазаров.

Доцна е!

Солун, 1. XI, (18) 94 г. **Вардарски**

**Прилог:**

**Вардарски, Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници, Пишува – Виена, Печатница на Бр. Попови, 1894, ц. 50 ст.**

Како во сите наши гимназии, така и Солунското учителско тело честопати се разделувало на два непријателски лагери, кои жестоко војуваат едни против други, па во борбата ги вовлекуваат и граѓаните. Понекогаш бидува и наопаку: граѓаните образуваат партии и во своите раздори и расправии ги вплеткуваат учителите. Партии и недоразбирања има на секаде по светот, без нив е невозможно, но такво бујство и безобразност во борбата не пројавуваат партиите на секој народ. До кој степен се распалиле страстите на учителите во Солунската гимназија, може да се суди како од ова брошура на псевдонимот, така и од дуелот, којшто бил предложен на еден колега од П. Арсов. Господин Вардарски очекува и овој пат, по повод неговата брошура (стр.63), да му се предложи сличен дуел од спротивниот лагер. Таа брошура пак ни дава друг пример. Таа е печатена во Софија, како што се гледа, во печатницата на бр. Спиркови, а авторот нашол за потребно да натпише „Виена. Печатница на бр. Попеви.“ Таква печатница не постои, а бр. Попеви се бугари трговци во Солун, несимпатични на авторот по некоја си причина. Таа шега нели е банална и злонамерна? Ете, читателу,

примери, коишто покажуваат, колку сме безобразни во партизанските борби. Во Македонија партизаните се забораваат дури до толку, што за да го сосипат својот противник, не презираат никакви средства – и најнедостојните, и погубните: клевета, пасквили или, поттикување на ученици, организирање ученички бунтови, попречување на општествените работи, – сè е добро, штом го понижува противникот и му штети. Дека тие средства не секогаш се морални, дека се дава лош пример на простодушната маса, за тоа малку сакаме да знаеме. Тој начин на дивјачка и бестактна борба еднакво се забележува и во кнежеството, и во Македонија, тој одговара на нашето морално и умствено рамниште. Тоа е плод на нашата незрелост и недовозвишеност. Само моралното подигање на нашата интелигенција и умно раководената просвета на масата ќе можат да го премавнат тоа општествено зло кај нас. Одговорноста, која се паѓа на нашата интелигенција во Македонија во тој случај е толку поголема зошто таму со необмислената партизанска борба уште повеќе се повредува општото дело. Силите се истоштуваат во меѓусебни борби, а нашите непријателите користат и печалат. Жално е што сред тие борби забораваме за многубројните непријатели кои ги имаме во Македонија.

Авторот на ова брошура, како што добро се гледа, е еден од солунските учители, коишто образувале непријателски лагер спрема директорот М. Сарафов. Затоа тој го претставил Сарафов заедно со сите учители, што не биле против него, како лица, штетни за нашето училишно дело. Ете што вели тој за нив на стр. 62: „предавниците, развратниците, шарлатаните, подлеците, од коишто и нивните пријатели со презир се одвраќаат, Одделот ги задржа и ги уна-

преди во нивната служба, додека поборниците на законитоста, правдата и слободата или беа принудени да си подадат оставки или беа онеправдани преку понижување и преместување, или пак ги отпуштија.“

Авторот има посебно мнение за начинот по кој треба да се води училиштното и општинското дело во Македонија, и ги изобличува двата егзархиски оддела – Училиштниот и Духовниот – во ленност и зли умисли. Мненијата на г. Вардарски се пречекуваат воопшто со тоа, што се пишувало веќе 2 години во Македонија, Глас Македонски, и др., затоа и не претставуваат голема новина. Тие ќе најдат и извесно одобрување во нашето општество. Целото бугарско општество е незадоволно од бавното ослободување на македонските бугари од грчкото, папското и други влијанија, сите сакаат да видат повеќе иницијатива и самостојност во општините, отколку што имало до сега. Но ние знаеме, дека и Егзархијата го посакува сето тоа, и нејзе ѝ е драго да ги види своите трудови овенчани со поголем успех и да види повеќе сознание и искреност во населението. Во патриотизмот на такви лица, како Н. Блаженство егзархот Јосиф, А. Шопов и др., никој не може да се сомнева. Затоа неуспесите треба да се препишуваат не само на нивните возможни грешки и бездејност, но и на условите, коишто се необично тешки, а од ден во ден станувaат уште потешки. Не зла волја, не желбата за тиранија ја раководи Егзархијата, кога бавно и нерешително ја развива самостојноста на општините во Македонија...

Затоа г. Вардарски напразно настојува да докаже, не само дека егзархиските чиновници и нивните едномисленици во Солун, Битола и сл. работеле по погрешна програма и биле неспособни за работата, со која се нагрбиле, но уште и тоа, дека биле предавници

и нечесни! Во обвиненијата против своите непријатели господин Вардарски не знае мерка, тој ги товари со севозможни вини, дури не се посрамил да скрои озборувања, кои ја допираат семејната чест. И тоа е искажано со еден крајно недоличен јазик (стр. 21, 23, 29 и др.). Излегува, дека самиот автор, кој со оваа своја книшка сака да го претстави Н[еговото] Бл[аженство] егзархот, г. Сарафов, К'нчев, и др., за орудија на Стамболов (до 18 мај), излегува, дека самиот тој многу добро усвоил една карактерна црта од стамболовско време: крајно недоличен тон. Јас би покажал големо непочитување спрема нашите читатели, ако би зел да го цитирам погорниот извадок од стр. 62 и уште некои од пцостите и титлите, кои што г. Вардарски си дозволил да ги окачи на лица, почитувани од нашето општество. На стр. 7 тој фрла сенка врз чесноста на егзархот, на 71 – врз чесноста на интелигенцијата во Македонија,[100] на стр. 12 загатнува за некакви пари со торби, на стр. 21 сочинува озборувања за Сарафов, на стр. 23-54 дава една недолична карактеристика на своите колеги и сл. Тие недостојни маневри не го препорачуваат самиот интелигентен автор, тие се цинични, тие се неопростливи дури како избувнување на бессилна раздразнетост.

Кога некому скимне, па ќе го изруга својот непријател во пасквил закачен на улицата или напечатен во весник, тоа иди-дојди, но кога пцостите ќе бидат пуштени и во брошура, тоа е многу жално.

Во што се состои, впрочем, стамболовштината на училиштниот оддел и на неговите послушни чиновници? Во тоа што одделот развил партизански

[100] Книгата „Стамболовштината“ ... содржи вкупно 64 страни. Очигледна грешка.

борби во Македонија, ги поддржувал своите луѓе, а противниците – посамостојни и патриотските граѓани – ги сосипувал, се стремел да ја уништи самостојноста на општините и др., такви. Училиштниот оддел од кое време се стреми да воведе еднобразни програми во сите училишта во Македонија и сака да влијае во тој или друга смисла врз сите училишта, и особено – каде дава помош за поддржување на училиштата. Според г. Вардарски, сето тоа е расипување, поткуп, поробување. Познато ми е дека решенијата и советите на Св[етата] Егзархија не се секогаш по волјата на општините, но таа своја зависност разбраните општини не ја сметаат за ропство, бидејќи, самиот автор признава, дека егзархот се ползува со необичен авторитет и почит во македонското население (стр. 10-11). Јас самиот сум гледал, со какво боготворење се отвaарат писмата од духовниот оддел по селата и паланките, и сум се радувал на тој почит кон духовниот татко на сите бугари, зашто, ако не на друго место, тогаш барем во Македонија има потреба од авторитет, и престап прави оној, којшто го подбива таму, без да сугерира на човек некое друго морално начало наместо него. Имено кога се ползува со тој авторитет, Егзархијата нема потреба да ги наметнува на извесни општини своите помошти, за да влијае врз нив. Егзархијата своите помошти секогаш ги дава само по упорни молби од општините, само откако ќе се убеди, дека има очигледна потреба. Таа ги советува општините и самите да трошат за своето училишно дело, иако економското опаѓање на населението, кое плаќа посебен данок и за турските училишта, не му дозволува да ги издржува без помош сите свои училишта, дали за тоа пак е виновна Егзархијата? Господинот Вардарски ги посочува изворите, со кои

општините би можеле да ги поддржуваат училиштата. Тој е многу наивен, ако мисли, дека прв ги нашол тие извори, и ако верува, дека Егзархијата не го упатувала македонското население, како да ги употреби за општествена корист доходите од манастирите, од свеќите и сл.

Добро е секогаш да се поттикнува населението во Македонија, да не се потпира само врз помошта од Егзархијата, а самото да си бара средства; општините да ги приберат во свои раце доходите од манастирите и да не ги остават мушија на приватни лица и сл. И тоа мнозина го правеле пред г. Вардарски. Но треба да помниме, дека населението е претоварено со даноци, дека тоа опаѓа економски, па скоро нема да биде во состојба да се откаже од егзархиската помош. Се потсетуват за старите училишта, поддржувани од општински средства. Зошто заборавaат, притоа, да споредат, колку училишта имало тогаш и колку – сега? Не ли е очигледно дека сите училишта не можат туку-така да се откажа од егзархиската помош? Колку што му достигаат силите на македонското население, тоа за своите училишта троши од себе, но каде има потреба, бара помош. Ако ја бевме затвориле Солунската гимназија којашто е најдобра институција во Солун зашто се издржува од чисто егзархиски средства, се поставува прашањет: ќе може ли областа скоро да ја издигне со свои средства? И зошто на Егзархијата да се гледа само како на бирократска институција, ненародна? Младите сили, кои ги одгледува Македонија треба да подадат рака на Егзархијата, а не да ја озлобуваат. Време е да се мисли за подготвување на нови работници, нови дејци, кои ќе ја преземат работата од сегашните раководители и наставници.

Треба да се покаже со факти, каде отстапувала Егзархијата од гореизложеното поведение. Дека такви отстапувања има, добро знам. Исто така сум убеден и во некои принципелни грешки во програмата на двата оддела при св. Егзархија. Од тие грешки две-три посочува и г. Вардарски: тоа е антагонизмот, којшто царува од неколку време наваму меѓу двата оддела во Цариград (стр. 10) и неисполнувањето на органскиот устав на бугарската Егзархија (стр. 59). Тоа е повеќе од престапно, бидејќи нè само во провинцијата не се определени правата и обврските на општинските претседатели спрема училиштните управници, но и во самиот Цариград не знаат до каде се простира власта на духовниот оддел и до каде – на училиштниот. Со воспоставувањето на Мирскиот совет, кој се изискува според органскиот устав, би спечалила самата Егзархија, и од кое време требаше да го слушне тоа општото барање по однос на него. Другите недостатоци и грешки на одделите при Св. Егзархија само се загатнати или се заборавени од г. Вардарски. И бидејќи се зборува за една книшка, која воопшто злобно ги насочила своите отровни стрели спрема таа институција, треба барем да ги преброиме тие други недостатоци, за да видиме, колку право имал г. Вардарски да биде така жесток, дури ако беше бил пообјективен, ако поосновано ги беше изучил недостатоците на нашата прва духовна институција. – Пред сè, Егзархијата греши многу, бидејќи не се грижи убаво да ги изучи потребите на населението. Сè, што таа знае за нив, го знае сè од втори раце; луѓето кои го управуват училишниот оддел, едвај ја познаваат земјата според епархиските списоци и по Дановата карта. Едно време Егзархијата беше забранила на своите чиновници да доаѓаат за лични расправии во Ца-

риград: таа беше заборавила, дека од слични лични посети и таа може да црпи податоци. Оттука произлегува и неумешноста на училишниот оддел да ги избира и да ги оценува своите учители. Затоа тој испуштил од своите раце мнозина способни учители, кои служеле под неговиот ресор. Се разбира, кон категоријата на добрите сили по училишното дело во Македонија треба да се вбројат и мнозина учители родум од кнежеството. Антагонизмот меѓу тракијци, мизијци и Македонци, кој што го проповеда и г. Вардарски, заслужува строго осудување.

Ние имаме таква оскудност од луѓе, што секој град, секое училиште треба да ги користи добрите дејци, од каде и да се тие родум. Егзархијата би требало да ги распредели учителите, коишто служат под нејзиниот ресор, на категории, според нивната квалификација и бројот на ислужените години, да се загрижи за отворање на технички оддели при четирикласните училишта, за формирање на библиотеки при нив и сл.

Не сакаме да кажеме, дека Егзархијата никако не мислела за тие прашања. Но бидејќи постои од толку време наваму, бидејќи од пред 18 години наваму се нагрбила главно со раководење на училиштното дело во Македонија, повеќе од чудно е, што досега не успеала да се организира како што треба, да ги определи своите односи спрема општините и учителите, да ја проучи земјата и да спечали повеќе влијание и сила во Цариград. Треба да признаеме, дека, за жал, Егзархијата не е во состојба да ги брани правата на своето пастово. Тоа што се дозволува од Високата Порта, го презираат и погазуваат провинциските претставници на власта, и покрај законот. Колку пати во слични случаи сме виделе Егзархијата да го поддржи насе-

лението, кое има право да побара смена на сличен безаконски управник? Јас не сакам – ниту пак тука му е местото – да ги посочувам со примери сите тие недостатоци и провиненија на Егзархијата. Јас ги наброив на брза рака, само за да се види, дека не го сметам за неосновано сето напишано против Егзархијата. Навистина, повеќето од тоа е плод на раздразнетост, бујство, лични навреди и дури незнаење, но еден дел се потпира врз факти. Лицата, врз кои се паднала честа да ја прифатат тешката и благородна задача – да го раководат просветувањето и развитокот на македонските бугари, треба внимателно – sino ira studio – треба да ги проучат тие напади и своевидни „критики" и да се ползуваат од нив, колку што можат.

Д[имитар] М[атов]
Български прегледъ
Списание за наука, литература и общественъ животъ,
Година II, книга IV, февруари-март, София 1895.
(Рецензии и книгопис) стр. 201-205

СТАМБОЛОВШТИНАТА ВО МАКЕДОНИЈА
И НЕЈЗИНИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ

## СОДРЖИНА


ПРЕДГОВОР (д-р Ванчо Ѓорѓиев) ........................................... 5

СТАБОЛОВШТИНАТА ВО МАКЕДОНИЈА
И НЕЈЗИНИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ................................ 35

Прилог:
Вардарски, Стамболовштината во Македонија
и нејзините претставници, (Димитар Матов) ................ 113

**Вардарски (Петар Поп Арсов)**

# СТАМБОЛОВШТИНАТА ВО МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ


| | |
|---|---|
| *издава:* | **И. П. ТАБЕРНАКУЛ**<br>**П. фах 251, Скопје**<br>**Република Македонија**<br>*www.tabernakul.com.mk* |
| *за издавачот:* | **Цветан Враживирски,**<br>директор |
| *главен уредник:* | **Ванчо Каранфилов** |
| *технички уредник:* | **Владимир Тодоров** |
| *компјутерска обработка:* | **Дијана Трајкоска** |
| *превод, редакција, коментар и предговор:* | **д-р Ванчо Ѓорѓиев** |
| *печати:* | **„Наумовски“, Скопје** |
| *тираж:* | **300** |

CIP – Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

325.83(497.7)"1880/94"

ПОП Арсов, Петар
Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници / Вардарски (Петар Поп Арсов ; превод, редакција,коментар и предговор Ванчо Ѓорѓиев. – Скопје : Табернакул, 2006. – 124 стр. ; илустр. ; 20 см.

Фусноти кон текстот. - Предговор: стр. 5-34
Содржи и: Прилог

ISBN 9989-171-33-5
I. Вардарски види Поп Арсов, Петар
а) Националноослободително движење - Македонија - 1880-1894
COBISS.MK-ID 65448202

ISBN 9989-171-33-5

ТАБЕРНАКУЛ

www.tabernakul.com.mk